Република Северна Македонија

**Министерство за култура и туризам**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
MINISTRIA E KULTURËS DHË E TURIZMIT
Бр.-Nr. 09 4149/1
28.03 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА**

Република Северна Македонија * Министерство за култура и туризам * Ministria e Kulturës dhe e Turizmit * Republika e Maqedonisë së Veriut * Скопје-Shkup

**Министер**
**Зоран Љутков**

**Скопје, 3.2025 г.**

*СОДРЖИНА*


ВОВЕД ....................................................................................................4

1. ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА ....................................................................................5
2. ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА....................................................................................6
   - **Музичка и музичко-сценска дејност**
   - **Фолклорна дејност**
   - **Драмска и филмска дејност**
   - **Визуелни уметности, архитектура и дизајн**
   - **Интердисциплинарна дејност – мултидисциплинарна програма**
3. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ (СЕКТОР ЗА КНИГА)....................................................................................22
4. ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ....................................................................................24
   - **Библиотечна дејност**
   - **Музејска дејност**
   - **Заштита на недвижно културно наследство**
5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО....................................................................................32
6. ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ .................................................................................... 42
7. ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ ....................................................................................52
8. НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ, АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА....................................................................................67
9. УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР....................................................................................74
10. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И СЛЕДЕЊЕ....................................................................................80
11. СЛЕДЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА....................................................................................82
   - **Одделение за логистичка поддршка**
   - **Одделение за државни награди**

*ОДОБРИЛЕ*

- **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**
  Сузана Которчевиќ, раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА**
  м-р Маја Седрак, раководител на Секторот
  Снежана Иванова-Китанова, помошник-раководител на Секторот
  Хајрие Сопи, помошник-раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ (СЕКТОР ЗА КНИГА)**
  Катерина Пејкова, државен советник за издавачка дејност и литература
- **СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**
  Диме Мацовски, државен советник за заштита на недвижно културно наследство
  Афед Јашари, државен советник за заштита на нематеријалното и материјалното културно наследство
- **СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО**
  Гордана Ивановска-Велковска, раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ**
  Дафина Џепароска, раководител на Секторот
  Јована Ѓоргеска-Кузмановска, помошник-раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ**
  м-р Владимир Попоски, раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ, ЗА АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА**
  Фросина Ѓоршовска, раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**
  Сабина Синан, раководител на Секторот – главен инспектор
- **СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И СЛЕДЕЊЕ**
  Нермин Адеми, државен советник за стратешко планирање, креирање политики и следење
- **СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА**
  Билјана Ќулавковска, помошник-раководител на Секторот

## ***ВОВЕД***

Во 2024 година, Министерството за култура претрпе значајна реорганизација, кога во неговите ингеренции беше вклучен и Секторот за туризам. Оваа реформа отвора новата етапа во работењето, со посебен акцент на поврзувањето и унапредувањето на културата и туризмот, два клучни сегмента кои имаат пресудно значење за економскиот и културниот развој на земјава. Со ова поврзување, Министерството се стреми да создаде силна и одржлива симбиоза која не само што ќе го поттикне развојот на туристичката индустрија, туку и ќе обезбеди нови можности за заштита и промоција на нашите традиции, култура и културно наследство.

Годишниот извештај за 2024 година претставува осврт на реализираните активности и постигнатите резултати во текот на годината. Во него се содржани податоци за работата на секторите и одделенијата, како и информации за проектите што Министерството ги финансираше преку објавените конкурси. Извештајот ги опфаќа и резултатите од Годишната програма за инвестициите во културата, како и други активности кои се однесуваат на надлежностите на Министерството.

Овој извештај, освен што е отчет за сработеното, има цел и да ја осветли динамиката на процесите, како и предизвиците со кои сме се соочиле, а кои во голема мера ја дефинираа нашата работа во текот на годината. Како институција задолжена за заштита, поддршка и развој на културното наследство, како и за поттикнување на современите културни изрази, Министерството за култура и туризам во иднина ќе продолжи да работи на создавање инклузивна, динамична и прогресивна културна политика, која ќе има голем придонес за целокупниот развој на земјата.

Со овој извештај, Министерството се стреми да го пренесе континуитетот на својата работа и напорите вложени во реализацијата на важните цели и стратегии кои ќе ја обликуваат иднината на културниот и туристичкиот сектор. Направените чекори во 2024 година претставуваат основа за понатамошен развој и унапредување на овие области во корист на сите наши граѓани како и за глобална промоција на Република Северна Македонија.

## 1. ***ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА***

Буџетот на Министерството за култура за **2024 година** изнесуваше **4.686.707.000,00 денари**, и тоа за раздел **18001 – Министерство за култура 265.238.000 денари и за раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата 4.421.469.000,00 денари**. Учеството на културата во вкупниот буџет на Република Северна Македонија во **2024** година изнесуваше **1,36 %**.

**Конечниот буџет за 2024 година во однос на конечниот буџет за 2023 година беше зголемен за 10,78 %, а во однос на конечниот буџет за 2022 година беше зголемен за 19,05 %.**

Во текот на годината беше донесена и една Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници и фондовите.

Буџетот и Ребалансот на Буџетот за **2024 година за раздел 18001 и раздел 18010** изнесуваат:

| **Буџет за 2024 година** | **Раздел 18001 Министерство за култура** | **Раздел 18010 Финансирање на дејностите од областа на културата** |
|---|---|---|
| 4.686.707.000 денари | 265.238.000,00 денари | 4.421.469.000,00 денари |
| **Ребаланс на буџетот** | **Ребаланс на буџетот** | **Ребаланс на буџетот** |
| 5.137.990.000 денари | 301.740.000,00 денари | 4.836.250.000,00 денари |

Буџетот за **2024 година во разделот 18010** – Финансирање на дејностите од областа на културата беше распределен за следниве намени:

| Ребаланс на буџетот за 2024 година за раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата | 4.836.250.000,00 | Процент на учество во вкупниот буџет (%) |
|---|---|---|
| Плати | 2.645.875.000,00 | 54,71 % |
| Стоки и услуги | 205.000.000,00 | 4,24 % |
| Блок-дотации | 471.315.000,00 | 9,75 % |
| Програма | 889.389.000,00 | 18,39 % |
| Инвестиции | 624.671.000,00 | 12,92 % |

## *2. ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА*

Во согласност со постојната законска регулатива во делот на културата, во услови на постоен Закон за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), Министерството за култура и туризам ја спроведува својата програмска политика во согласност со своите законски надлежности за поддршка и развој на творештвото и уметноста, од една страна, и создавајќи услови и општествен амбиент кој ќе овозможи имплементација на стратегиските цели за развој на културата и уметноста, од друга. Во таа смисла, националниот интерес во културата, меѓу другото, подразбира развој на уметничкото творештво во сите десциплини и дејности преку: создавање услови за развој и афирмација на културата; овозможување достапност на културните вредности за граѓаните; создавање услови за рамномерен културен развој; промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази; унапредување на културата на лицата со посебни потреби; унапредување на културата на децата и младите; поттикнување на детското творештво и на творештвото за деца и млади; афирмирање млади автори и слично.

Во таа смисла, при креирањето на програмите од национален интерес и финансирањето на проектите за 2024 година се внимаваше да се овозможи целосно и континуирано остварување на дејноста на националните установи и да се обезбеди рамноправна положба на сите субјекти во културата под еднакви услови, независно од правниот статус, етничката или друга припадност, односно да се поддржат проекти на: уметници, самостојни уметници, приватни и локални установи, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата, а во согласност со Законот за културата и другите позитивни законски прописи во земјава.

➢ **МУЗИЧКА И МУЗИЧКО-СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ**

Во 2024 година средствата од музичката и музичко-сценската дејност беа распределени за следниве намени:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| **Национални установи** | 80.660.800,00 |
| Програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 65.492.701,00 |
| Трошоци за струја, комуналии, греење | 13.606.382,00 |
| Испратнина и парична помош за вработените | 1.561.717,00 |
| | |
| **Одобрени проекти на Конкурсот за 2024 година** | 71.957.798,00 |
| Општини и локални установи | 1.702.590,00 |
| Правни лица | 56.344.550,00 |
| Физички лица | 19.910.658,00 |

Од вкупно 348 поддржани проекти од областа на музичката и музичко-сценската дејност во 2024 година (90 проекти на национални установи и 258 проекти одобрени на Конкурсот за финансирање проекти од национален интерес во културата од музичката и музичко-сценската дејност), беа реализирани вкупно 323 проекти (80 проекти на национални установи и 243 проекти од Конкурсот), односно 93 % од одобрените проекти.

Во однос на продукцијата на установите, Националната опера и балет реализираше премиера на операта „Трубадур", како и други оперски и балетски претстави во рамките на тековниот репертоар, додека во рамките на концертната сезона на Националната филхармонија беа реализирани голем број симфониски, детски и камерни концерти.

Во рамките на програмските содржини на националните установи низ државава беше обезбедена поддршка за музички проекти и концертни претставувања на репродуктивни музички уметници од сите генерации и во различни формации во центрите за култура во Битола, Гостивар, Дебар, Делчево, Кичево, Кочани, Куманово, Крива Паланка, Неготино, Прилеп, Тетово, Штип, Охрид, Струга и во Струмица.

Во 2024 година беше забележлива активноста на локалните установи, и со внимание беше проследена програмата на ЈУ Младински културен центар каде што традиционално се одржа Фестивалот на нова музика „Здраво млади“.

Беа реализирани многубројни концерти на млади уметници, како и на веќе афирмирани репродуктивци, како: Нинослав Димовски, Марија Вршкова-Зафировска, Гордана Јосифовска-Неделковска, Дино Имери и многу други.

Во рамките на програмата за 2024 година, пред публиката беа претставени и проекти со кои се одбележаа значајни јубилеи на фестивали и на истакнати уметници од музичката и од музичко-сценската дејност: „Танц-фест Скопје 2024 – 20. јубилејно издание“, „Драган Мијалковски – јубилеј 60 години“, „Јубилеј: 30 години солистичка концертна дејност – концерт на Бранко Павловски – кларинет“ и други.

Во согласност со заложбите за унапредување на културата на најмладите, во рамките на селектираните проекти од национален интерес беше поддржана реализацијата на: оперски, балетски и симфониски изведби наменети за децата; 19 детски фестивали и проекти на македонски јазик, како и на јазиците на заедниците.

Во смисла на определбите на Министерството за култура и туризам за создавање културен амбиент достапен за сите граѓани, а во согласност со настојувањата на Владата на Република Северна Македонија за збогатување на културната понуда за лицата со посебни потреби, беше поддржана иницијативата на „Денсерс јунајтед“ (Dancers United) ДОО Скопје со проектот „Инклузивна танцова претстава по повод 3 Декември – Ден на лицата со попреченост“, како и „Концерт со флејта посветен за деца со посебни потреби“ од Сарана Адеми.

Поддршката во музичко-сценската дејност овозможи да се реализираат и традиционалните манифестации: „Охридско лето“, „Денови на македонска музика“, „Интерфест“, „Скопски џез-фестивал“, „Оффест“, „Танц-фест“, „Струга фест“ и др.

**Самостојни уметници**

Во рамките на програмата, на Конкурсот за доделување месечни надоместоци на самостојните уметници за придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и за персонален данок на доход за 2024 година, беа поддржани 41 лице – самостојни уметници од областа на музичко-сценската дејност.

- **ФОЛКЛОРНА ДЕЈНОСТ**

Во 2024 година средствата од фолклорната дејност беа распределени за следниве намени:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| **Национални установи** | **20.118.561,00** |
| Програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 18.590.000,00 |
| Испратнина и парична помош за вработените | 1.528.561,00 |
| **Одобрени проекти на Конкурсот за 2024 година** | **20.434.092,00** |
| Општини и локални установи | 1.946.842,00 |
| Правни лица | 16.111.850,00 |
| Физички лица | 2.375.400,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од фолклорот и сценско-уметничката дејност за 2024 година беа поддржани 244 проекти, и тоа: 82 проекти на национални установи, 23 проекти на локални установи, 112 проекти на општини, здруженија и организации и 27 проекти на физички лица. Од нив беа реализирани 230 проекти, односно 94 % од одобрените проекти во 2024 година.

Во рамките на програмските активности на националните установи од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност, Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“ годинава одбележа 75-годишнина од постоењето и јубилејот го прослави со концерт и издавање монографија. Овој ансамбл реализира многубројни концерти со кореографии од различни региони на Република Северна Македонија; изготви аранжмани и кореографии за различни народни ора и песни; изврши откуп на народни носии, делови од носии, додатоци на носии и изработка на реплики и реализира аудио- и видеодокументирање и архивирање на сценскиот репертоар на НУ „Танец“.

Ансамблот за албански ора и песни во Република Северна Македонија имаше 7 одобрени проекти, кои не беа реализирани од оправдани причини поради проблеми со вработувањата.

Во рамките на сценско-уметничките проекти и концертни претставувања, беа реализирани многубројни концерти и фестивали на културно-уметничките здруженија и на фолклорните групи: АКУД „Мирче Ацев“ – Скопје со својата годишна редовна активност; Здружение АНИП „Орце Николов“ – Скопје; Ансамбл за народни песни и игри „Ибе Паликуќи“ – Скопје; Ансамбл за народни песни и ора „Звуците на Каршиака“ – Скопје; КУД „Јени Јол“ – Скопје; Ансамбл „Керамичар“ – Велес; Здружение на Срби и Македонци КУД „Бранко Чајка“ – Тетово; Здружение на граѓани Ансамбл за народни песни и игри „Емин Дураку“ – Скопје; Ансамбл за традиционална музика и игри „Бојмија“ – Гевгелија; ГАКУД „Браќа Ѓиноски“ – Гостивар; Културно-уметничко друштво „Дримкол“, с. Вевчани; ЗКУД „Бранд Петрушев“ – Богданци; КУД „Свети Сава Први“ – Тетово и многу други. Во 2024 година беше поддржано и издавање на ЦД и ДВД-изданија со песни, како и монографии на корисници – физички лица, а беше застапено и одржувањето на работилници и семинари за изучување на фолклорот на заедниците во државава. Во рамките на програмата за 2024 година беа реализирани проекти со кои се одбележаа значајни јубилеи, и тоа: Манифестација „Јубилеј по повод 45-годишнината“ на Ансамблот за народни песни и игри „Ибе Паликуќи“ од Скопје; Јубилејно 45-то издание на

Меѓународниот студентски фолклорен фестивал – „Фестивал на солидарноста“ на АКУД „Мирче Ацев“ од Скопје; 50-годишнина на КУД „Јахи Хасани“ – Чегране; Концерт со ново оро и нова костимографија по повод 75 години активности на КУД „Џеладин Зеќири“ – Тетово; 70 години Ансамбл „Керамичар“; Јубилеј 40 години на самостојниот уметник Зенил Усаин Реџепов „Традицијата продолжува“; 25 години Ансамбл „Стефче Стојковски“ – „За Македонија и Македонците“; Традиционален фолклорен концерт „30 години јубилеј“ на Здружението Фолклорен ансамбл Битола; 25 години Македонско студентско етнолошко друштво: „Денови на етнологијата и фолклорот“; 20-годишен јубилеј на Ансамблот „Бојмија“ и други. Во насока на определбите на Министерството за култура и туризам за создавање културен амбиент достапен за сите граѓани, а во согласност со настојувањата на Владата на Република Северна Македонија за збогатување на културната понуда за лицата со посебни потреби, беше поддржана иницијативата на Домот на културата „Димитар Беровски“ од Берово и на Домот на културата „Иван Мазов-Климе“ од Кавадарци со проектите „Фолклорна работилница за лица со посебни потреби“, како и проектот 8. Меѓународен музичко-фолклорен фестивал за лица со попреченост „Да подадеме рака“ на Здружението на млади за човекови права, антикорупција и самовработување ЕСЕ – Скопје. Во 2024 година традиционално се организираа најважните и најстари фолклорни манифестации и фестивали: 54. Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ Битола; Фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“ кој одбележа 50-годишен јубилеј; „Десет дена Крушевска Република“; „Галичка свадба 2024“; Фестивалот на ора и песни „Кенге Јехо“; Меѓународниот фестивал „Пролетни веселби – Хид Бах Шен“; Меѓународниот фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо 2024“ – Истибања и други.

- **ДРАМСКА ДЕЈНОСТ**

Во 2024 година средствата од драмската дејност беа распределени за следниве намени:

| Програмски активности | Одобрени средства |
|---|---|
| **Национални установи** | **40.494.521,00** |
| Програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 38.913.516,00 |
| Испратнина и парична помош за вработените | 1.581.005,00 |
| | |
| **Одобрени проекти на Конкурсот за 2024 година** | **20.672.963,00** |
| Театарска продукција на професионални претстави | 5.746.109,00 |
| Театарска продукција на непрофесионални/аматерски претстави | 1.503.197,00 |
| Театарски фестивали и манифестации | 12.207.601,00 |
| Истражувачки, едукативни проекти и работилници | 773.616,00 |
| Публикации | 359.321,00 |
| Гостувања во РСМ | 83.119,00 |

Од вкупно **142** поддржани проекти од областа на драмската дејност во 2024 година (72 проекти на национални установи и 70 проекти одобрени на Конкурсот), беа реализирани вкупно **122 проекти** (61 проект на национални установи и 61 проект од Конкурсот), односно **86 %** од одобрените проекти беа реализирани во 2024 година, додека за **17 проекти** е откажана реализацијата (8 од национални установи, 8 од правни лица и 1 од физичко лице), а **3 проекти** од национални установи се префрлени за реализација во 2025 година.

Реализацијата на проектите по категории е следнава:

- 69 професионални претстави (40 премиери во националните установи театри и центри за култура и 29 независни проекти – 18 премиери на правни лица и 11 премиери на физички лица), од кои: 47 на македонски јазик, 18 на албански јазик и 4 на турски јазик;
- 19 проекти од категоријата аматерски/непрофесионални претстави (10 премиери во националните установи центри за култура, 2 премиери во локалните установи домови на културата, 5 премиери на правни лица и 2 премиери на физички лица), од кои: 14 на македонски јазик и 5 на албански јазик;
- 5 проекти од категоријата работилници, истражувачки и едукативни проекти (5 во организација на правни лица), од кои: 4 на македонски јазик и 1 на ромски јазик;

- 4 гостувања во РСМ (3 во организација на национални установи и 1 во организација на физичко лице) на македонски јазик;
- 1 публикација (реализирана од правно лице) на македонски јазик;
- 24 театарски фестивали и манифестации (15 од програмата на драмската дејност, од кои: 2 во организација на локални установи, 1 во организација на образовна установа и 12 во организација на правни лица; и 9 од програмата на културно-уметнички манифестации, од кои: 8 во организација на национални установи и 1 на правно лице) од кои: 17 на македонски јазик, 6 на албански јазик и 1 на ромски јазик.

Во однос на продукцијата на националните установи театри и центри за култура, треба да се издвои дека: НУ Народен театар – Битола реализира 8 проекти; 6 проекти реализира НУ Центар за култура – Куманово; по 5 проекти реализираа НУ МНТ – Скопје, НУ Драмски театар – Скопје и НУ Центар за култура – Штип; по 4 проекти реализираа НУ Театар за деца и младинци – Скопје, НУ Тетовски театар, НУ Театар „Комедија“ и НУ Центар за култура – Велес; по 3 проекти реализираа НУ Турски театар – Скопје, НУ Центар за култура – Прилеп и НУ Центар за култура – Струмица; по 2 проекта реализираа НУ Албански театар – Скопје и НУ Центар за култура – Охрид и по 1 проект НУ Албански театар за деца и млади – Скопје и НУ Гостиварски театар.

Во контекст на независната и алтернативната продукција на професионални претстави, годинава имавме квалитетна и разновидна понуда од 29 претстави, од кои 19 проекти на македонски јазик, 9 проекти на албански јазик и 1 проект на турски јазик:

- на македонски јазик: „Снег“ – според текстот на Максанс Фермин, режија Зоја Бузалковска; „Марта Верина“ – автор Драгана Лукан Николоски, режија Нина Николиќ; „Мац, мац“ – според текстот на Тенеси Вилијамс, режија Филип Петковски; „Глад/Изобилие“ – автор Калија Киселичка, режија Хана Миленковска; „Казабалкан“ – автор Горан Стефановски, режија Дамјан Костовски; „Бели ноќи“ – автор Ф. М. Достоевски, режија Звездана Ангеловска и други;

- на албански јазик: „Zogu i Zi“/„Црна птица“ – адаптација и режија Муса Исуфи; „Детектор на лаги“ – мотивирано од Василиј Витанов, драматизација и адаптација Хамди Рашиди; „Илузија“ – режија Ќазмедин Нуредини, според текстот „Игра на умот“ од Ентони Хоровиц; „Играта на молкот“ – адаптација и режија од Теа Беговска според „Немиот келнер“ на Х. Пинтер итн.;
- на турски јазик: „Сакати“ од автор Бену Мусли, во режија на Сибел Абдиу.

Во однос на застапеноста на реализираните проекти по општини, беше евидентна активноста на полето на драмската дејност во: Скопје, Битола, Тетово, Куманово, Прилеп и Гостивар.

Во 2024 година македонската културна јавност имаше можност да проследи изведби на дела во режија на:

- режисери од странство: Џон Блондел, Жива Бизовичар, Јуш Зидар, Лидија Дедовиќ, Емилија Мрдаковиќ, Насим Ахмадпур, Стеван Бодрожа, Диана Добрева итн.;
- домашни режисери: Владимир Милчин, Љупчо Георгиевски, Дејан Пројковски, Нела Витошевиќ, Наташа Поплавска, Јован Ристовски, Синиша Евтимов, Бојан Трифуновски, Нина Николиќ, Срѓан Јанаќијевиќ, Васил Христов, Драгана Милошевски Попова, Деан Дамјановски, Теа Беговска, Никола Ристов, Андреј Цветановски, Ивана Ангеловска, Драгана Стојчевска Гунин, Благој Мицевски, Бесфорт Идризи, Билге Емин, Ќендрим Ријани, Куштрим Бектеши итн.

Застапени беа текстови на врвни дела од светската драматика, како и дела од домашното творештво, и тоа:

- од автори од странство: Молиер, Вилијам Шекспир, Антон П. Чехов, Максим Горки, Жоел Померат, Дарио Фо, Хенрик Ибзен, Нил Сајмон, Јозеф Ото Кеселринг, Мариус фон Маербург, Тим Крауч, Морис Метерлинк, Жан Пјер Мартинез, Елфриде Јелинек, Ѓерѓ Фишта, Бранислав Нушиќ, Миро Гавран, Душан Ковачевиќ итн.;

- од домашни автори: Горан Стефановски, Сашо Кокаланов, Ана Ристоска Трпеноска, Љупчо Јованов;
- авторски проекти и драматизации: „Вампири", автор и режија Милош Андоновски; „Дете од хартија", автор и режија Јован Ристовски.

Во програмата за драмска дејност во 2024 година беа застапени и театарските фестивали и манифестации со кои значително се зогати театарската понуда пред граѓаните во нашата држава. Во 15 општини се реализираа 24 театарски фестивали и манифестации: 7 во Скопје, 3 во Битола, 2 во Прилеп и по 1 фестивал/манифестација во Струмица, Куманово, Велес, Штип, Гостивар, Дебар, Кичево, Струга, Кочани, Виница, Кавадарци и во Тетово.

Како особено значајни, според традицијата на одржување, афирмацијата на домашното творештво и жанровската разновидност, ги издвојуваме: 61. Драмски аматерски фестивал во Кочани, 58. Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински" во Прилеп, 49. Меѓународен театарски фестивал МОТ во Скопје, 32. Фестивал на камерен театар „Ристо Шишков" во Струмица, 32. Меѓународни студентски средби СКОМРАХИ во Скопје, 27. Меѓународен театарски фестивал „Денови на комедијата" во Куманово, 25. Интернационален фестивал на монодрама во Битола, 23. ИТФ Фестивал „Албански театар во Северна Македонија" во Дебар, 21. Интернационален фестивал на античка драма „СТОБИ", 21. Ромски театарски фестивал „Garavde muja" во Скопје, 18. Меѓународен театарски фестивал „Скупи фестивал" во Скопје, 12. Театарски фестивал за деца и младинци „Малиот принц" во Штип, 8. Меѓународен театарски фестивал „Отхело" во Гостивар, 8. Уличен уметнички фестивал за живи статуи „Статуа фест" во Скопје и други.

Годинава се поддржа и реализацијата на:

- 19 аматерски претстави во 11 општини (4 во Тетово, 3 во Скопје, по 2 во Гостивар, Кичево и во Дебар, по 1 во Струга, Крива Паланка, Делчево, Куманово, Крушево и во Кавадарци);
- збирката аудиодрами „Одеци на европската драма“ во организација на Здружението за афирмација на уметност „Флуктус“ – Скопје;
- работилница за едукација на млади новинари од областа на драмската дејност на Здружението на граѓани за промоција и унапредување на културата, образованието и науката „Умно“ – Скопје;
- работилници за имерзивен театар за деца и млади и лица со посебности на Здружението за култура и уметност „Колектив ветерница“ – Скопје;
- проектот „Чернодрински за деца“ на Здружението за театарска едукација и продукција „Театар за сите“ – Скопје.

## ➢ ВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ, АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН

Во согласност со утврдената Годишна програма за 2024 година, дејноста главно се заокружи преку реализација на изложбени активности (во галериските простори, во изложбените салони на националните установи музеи, во центрите и во локалните домови на културата низ градовите на целата територија на Македонија, но и во други изложбено-галериски простори кои имаа можност да презентират остварувања од продукцијата на современите ликовни уметници), притоа оставајќи соодветно место за реализирање ретроспективни, јубилејни, тематски и современи аспекти од уметноста, презентирајќи ги своите искуства и остварувања во областа, како и презентирајќи ги своите тематски и стилски аспекти од актуелните трендови и начин на изразување во уметноста.

Имајќи го предвид горенаведеното, во областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот се реализираше квалитетна програма за сметка на квантитетот.

Буџетот за визуелни уметности, архитектура и дизајн во 2024 година изнесуваше 26.343.200,00 денари, кои беа распределени за следниве намени:

| Програмски активности | Вкупен број на проекти | Одобрени средства |
|---|---|---|
| Национални установи | 146 | 13.934.000,00 |
| Локални установи | 29 | 1.737.000,00 |
| Здруженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти | 67 | 5.896.500,00 |
| Физички лица | 85 | 4.775.700,00 |
| **Вкупно** | **327** | **26.343.200,00** |

Горенаведената табела е приказ на програмските активности, вкупниот број на поддржани проекти и одобрените средства: 146 проекти на национални установи – 13.934.000,00 денари; поддржани проекти на Конкурсот од национален интерес за 2024 година со вкупен износ од 12.409.200,00 денари, односно поддржани се: 29 проекти на локални установи, со вкупен износ од 1.737.000,00 денари; 67 проекти на здруженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти, со вкупен износ од 5.896.000,00 денари и 85 проекти на физички лица, со вкупен износ од 4.775.700,00 денари.

Во согласност со утврдената Годишна програма од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2024 година, вкупниот број на реализирани и исплатени проекти е следниов: 137 проекти на национални установи или приближно 94 %, реализирани проекти на конкурсот од национален интерес во културата за 2024 година: локални установи – 29 проекти, здруженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти – 66 проекти и физички лица – 78 проекти, односно вкупно 173 реализирани проекти или приближно 96 % од прифатените проекти.

Во рамките на буџетските средства за Годишната програма, акцент беше ставен на проектите од националните установи и од локалните установи, но еднакво беа третирани и поднесените проекти од здруженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти и физички лица. Генерално, пред македонската јавност беа претставени значајни изложби на автори кои имаат оставено силен белег во градењето на македонската ликовна сцена, од кои се издвојуваат: јубилејна изложба „Стефан Маневски – 90 години од раѓањето“, јубилејна изложба „Ристо Лозаноски – 100 години од раѓањето“, јубилејна изложба „120 години од раѓањето на Томо Владимирски“, јубилејна изложба „Вангел Коџоман“, „Ретроспективна изложба на Мирослав

Масин“, јубилејна изложба „70 години од смртта на Димитрие Андонов Папрадишки“. Исто така, во согласност со приоритетите на дејноста, беа реализирани и тематски проекти, како и проекти што прават пресек на одредени периоди и стилски аспекти од актуелните тенденции во уметноста, и тоа: „Аквизиции – донации 2022 – 2023“, меѓународната изложба „Сè што ни е заедничко“ и др. Пред јавноста беа претставени и творечките опуси на рецентни автори од постарата и од помладата генерација. Во таа смисла, беа реализирани изложбите на: Беди Ибрахим, Емил Шулајковски, Трајче Блажевски и др.

Во согласност со принципиелната поставеност за рамноправен третман при поддршката на потенцијалните корисници на буџетски средства, покрај разбирливата поткрепа на националните, локалните и на други установи, голем број здруженија, асоцијации и поединци, како позначајни проекти би ги истакнале: „Остен биенале Скопје 2024 – меѓународно биенале на современи уметници“; годишната програма на изложбите на Друштвото на ликовните уметници на Македонија; Стрип центар на Македонија – Велес со проектот „21. Меѓународен салон на стрип Велес 2024“ – стрип-колонија; Македонско здружение на ликовни критичари АИКА Македонија со проектот „Редовен годишен симпозиум на ликовните критичари на АИКА Македонија и награда за ликовна критика.

Во таа насока, значаен напредок се постигна и со поддршката на одделни проекти, како: „Магични раце – групна изложба на деца со посебни потреби“, „Ликовна работилница заедно со децата со посебни потреби во Делчево“, „Креативни работилници со завршна изложба по повод Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби“ по принципот на социјална инклузија чија цел е, преку визуелните уметности, социјално да интегрираат одредени маргинализирани групи од најранлива категорија. Исто така, поддршка се даде и на проекти/работилници за најмладите од училишна и од предучилишна возраст, а тука ќе ги спомнеме: „Музеј во училиштата, училиште во музејот“, Годишната изложба на основни училишта „Беди и јас“, Младинската керамичка работилница за изработување и декорирање керамички производи – Кичево, „Мал битолски Монмартр“ – Битола и др.

Соодветно место во практикувањето на дејноста во целост им припаѓа и на ликовните колонии кои се појавија како потреба на самите творци за заедничко работење и споделување искуства. Од големиот број колонии кои дејствуваат во нашата земја, особено значење имаат: 39.

Интернационална уметничка колонија „Дебрца“, с. Белчишта; 38. Меѓународна ликовна колонија „Св. Јоаким Осоговски“ – 2024; Ликовна колонија „Михајлово“ – Кавадарци; Колонија копаничарство; 35. Ликовна колонија „Галичник“; 32. Меѓународна лесновска колонија; Традиционална 27. ликовна колонија „Лазар Софијанов“ – Кратово и др.

Позитивниот тренд на флексибилна и толерантна поставеност, во која водечки принцип за прифаќањето на одделни проекти е нивниот квалитет, се однесува и на застапеноста на голем број автори од заедниците, од кои би ги издвоиле изложбите на: Решат Амети, Хајруш Исени, Беди Ибрахим и др.

Покрај финансирањето на одделни проекти, во текот на 2024 година на Конкурсот за доделување месечни надоместоци на самостојните уметници за придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и за персонален данок на доход за 2024 година, беа поддржани 53 автори со статус самостоен уметник од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.

## ➢ ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНА ДЕЈНОСТ – МУЛТИДИСЦИПЛИНАРНА ПРОГРАМА

Средствата за интердисциплинарна дејност за 2024 година во износ од 20.500.000,00 денари беа распределени за следниве намени и активности:

| | |
|---|---|
| **Одобрени проекти на Конкурсот за 2024 година** | **20.500.000,00** |
| **Реализирана програма за 2024 година** | **17.925.721,00** |
| Подготовка и реализација на проекти кои предвидуваат активности/продукции од две или повеќе области на уметноста или интеракција на активности од областа на уметноста и од други сфери | 8.440.000,00 |
| Развој на нови модели на јавни мултидимензионални простори за културно дејствување, развојни локални или регионални платформи и/или иницијативи што ќе придонесат за културни и | 3.340.000,00 |

| | |
|---|---|
| социјални промени по пат на меѓусекторско поврзување | |
| Проекти што предвидуваат организирање дебати, конференции, работилници и слично за културата и уметноста во контекст на новите општествени теории за културата и за самиот поим култура | 5.810.000,00 |
| Проекти за истражување, едукација и промовирање на модели на дијалошки, критички и развојни современи културни политики | 2.910.000,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од интердисциплинарната дејност за 2024 година беа поддржани 93 проекти, од кои: 79 проекти на здруженија на граѓани и 14 на физички лица. Од нив, 8 проекти беа откажани, а преостанатите 85, односно 91 % од одобрените проекти беа реализирани во текот на годината.

Во првиот вид проекти: „Подготовка и реализација на проекти кои предвидуваат активности/продукции од две или повеќе области на уметноста или интеракција на активности од областа на уметноста и од други сфери", поддржани се 14 проекти, а реализирани се 11, од кои се издвојуваат: 15. Меѓународен фестивал на креативен документарен филм „МакеДокс" – Скопје на Здружението за промоција на документаристика МАКЕДОКС Скопје, „Битола отворен град 2024" на Младинскиот културен центар – Битола; Годишна програма на „Културно-социјален простор ЦЕНТАР – ЈАДРО"; „Крушево – град на култура, традиција, историја" на Општина Крушево и други.

Од поддржаните 10 проекти во делот на развој на нови модели на јавни мултидимензионални простори за културно дејствување, развојни локални или регионални платформи и/или иницијативи кои ќе придонесат кон културни и социјални промени по пат на меѓусекторско поврзување се реализираа сите и од нив се издвојуваат: „Олабај" на Здружението на граѓани за поинакво делување АРТАКТ од Битола, „Славни музички коцк(оглав)и – турнеја низ Македонија" (Musical Celeblocks - Macedonian Tour) на Јасмина Илиевска-Марјановиќ и други.

Од проектите што предвидуваат организирање дебати, конференции, работилници и слично за културата и уметноста во контекст на новите општествени теории за културата и за самиот поим култура, од 34 проекти се реализираа 31 проект, меѓу кои: „Интердисциплинарен пристап:

Истражување, пишување и подготвување изложба во практикување култура на сеќавање за жените учеснички во НОБ – по повод 80 години од формирањето на АФЖ на Македонија (1944 – 2024)“ на Здружението на граѓани Центар за истражување на национализмот и културата – Скопје; „Вртешка“ – интердисциплинарни активности 2024 (Open Source) – трето издание на Здружението „Купола“ од Штип и други. Од проектите за истражување, едукација и промовирање на модели на дијалошки, критички и развојни современи културни политики, поддржани се 33 проекти, а реализирани се 31.

Во согласност со приоритетите во оваа дејност, беа поддржани: проекти што ја негуваат културната разновидност во уметничкото творештво со што се промовираат еднакви можности за сите; проекти што го лоцираат независниот културен сектор како важен социокултурен чинител, како и проекти и активности што ги стимулираат креативниот и уметничкиот потенцијал на сите граѓани независно од нивната етничка, верска, идеолошка, политичка, социјална, родова и старосна припадност.

## 3. *ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ (СЕКТОР ЗА КНИГА)*

Во 2024 година средствата за литература и издавачка дејност беа распределени за следниве намени:

| Програмски активности | Одобрени средства |
|---|---|
| Национални установи | 3.355.000,00 |
| | |
| Вкупен износ на средства за одобрени проекти на Конкурсот за публикации за 2024 година | 42.551.806,00 |
| Манифестации и други литературни проекти | 8.592.557,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност беа поддржани 436 проекти, од кои беа реализирани 410 проекти, односно 94 % од вкупно поддржаните проекти во 2024 година.

Секторот за книга во 2024 година продолжи успешно да поддржува различни видови активности со кои се стимулира и се развива издавачката дејност во Република Северна Македонија. Во оваа година се поддржаа проекти од повеќе области на издавачката дејност: 436 проекти за реализација на публикации, списанија и проекти од електронското издаваштво и 45 манифестации и други литературни проекти.

Во листата на поддржани изданија се најдоа дела на млади автори кои ја градат својата професионална репутација на национално и на меѓународно ниво, но и на етаблирани, потврдени автори со светско реноме. Меѓу нив се издвојуваат: Крсте Чачански, Никола Маџиров, Лидија Капушевска-Дракулевска, Владимир Мартиновски, Снежана Велковска, Тихомир Јанчовски, Салајдин Салихи, Тахир Зајази итн. Министерството за култура и туризам обезбеди поддршка за сите издавачки куќи кои со години егзистираат во македонскиот културен простор, но и за поновите кои нудат квалитетна продукција на дела, како и за институти и здруженија кои промовираат автори од сите етникуми што творат на македонски, албански, турски, српски и на ромски јазик. Особено значајно е што Министерството поддржува изданија на Брајово писмо, а тоа претставува придонес во збогатувањето на литературата за лицата со оштетен вид.

Се задржа континуитетот на поддршка за одржување на манифестациите „Струшки вечери на поезијата“, „Рацинови средби“, „Денови на Наим“ и други, како и за програмските активности на Друштвото на писателите.

Во рамките на дејноста беа поддржани 31 проект за превод на македонски автори на странски јазици преку Конкурсот за финансирање преводи на странски издавачи на репрезентативни и квалитетни дела од македонската книжевност на странски јазици за 2024 година.

## 4. <u>ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО</u>

### ➢ БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

Во 2024 година средствата од буџетската програма за библиотечната дејност беа распределени за следниве намени и активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| **Национални установи** – проекти | 10.611.445,00 |
| Материјални трошоци за работа на установите | 847.072,00 |
| Трошоци за електрична енергија, комуналии, греење | 8.640.000,00 |
| Испратнини за пензионирање, солидарна парична помош за вработените, комисии, пренесена обврска | 1.149.633,00 |
| Ангажирани надворешни соработници – исплата на лица со договор за дело | 837.000,00 |
| **Локални установи** | 1.250.600,00 |
| **Други буџетски корисници** | 280.000,00 |
| Здруженија на граѓани | 1.184.000,00 |
| Физички лица | 251.000,00 |
| **ВКУПНО** | **25.080.830,00** |

На Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од библиотечната дејност за 2024 година се поддржани вкупно 153 проекти, и тоа: 111 проекти на национални библиотечни установи и други национални установи, 30 проекти на 14 локални установи, 5 проекти на 4 здруженија на граѓани, 5 проекти на 4 други буџетски корисници и 2 проекта од физичка лица. Реализирани се 151 проект (98,7%) и искористени се сите одобрени средства за оваа година. Не се реализирани само два проекта од национални установи (од кои средствата се искористени/пренаменети за други проекти) и пет проекти се реализирани само со преведување на првиот дел од средствата.

Основните и битни функции на секоја библиотека што претставуваат и законска обврска се поддржуваа и во 2024 година. Како такви се: збогатувањето на книжниот фонд на библиотеките, континуираното функционирање на библиотечно-информацискиот систем КОБИСС.МК, стручното оспособување на библиотечен кадар, а за заштитата на целокупниот библиотечен

материјал се опфатени сите мерки и постапки што се преземаат за да се спречи, одложи или да се намали оштетувањето на библиотечниот материјал.

Најзначајни проекти за 2024 година поддржани во рамките на Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес подредени по области се следниве: купување публикации; мобилен информатички и комуникациски центар; подготвување информации за националната издавачка продукција преку изработка и објавување на македонската тековна библиографија и други библиографии; претплата за онлајн електронски списанија и книги и офлајн информациски бази на податоци; конзервација, реставрација и превентивна заштита на библиотечниот материјал; континуирано функционирање на библиотечно-информацискиот систем КОБИСС.МК и основно функционирање на центарот НУБ-ВБМ; стручно оспособување на библиотечен кадар; проекти за лица со посебни потреби; проекти наменети за деца и активности за популаризација на книгите.

Збогатувањето на книжниот фонд и натаму останува една од основните и битни функции на секоја библиотека. Тоа се претежно изданија преку кои се следи македонската тековна издавачка продукција и по нивната обработка стануваат јавно достапни за нивно користење. Се купуваат македонски публикации за меѓународна размена, преку кои на меѓународната јавност перманентно ѝ се презентира и ѝ станува достапна книжната или поинаку публикувана продукција. На овој начин, македонската издавачка продукција е застапена во голем број светски библиотеки, универзитетски, славистички и научни центри.

За да дојде книгата до читателите во најтешко достапните места во нашата држава, Министерството поддржува и подвижни библиотеки. Даде поддршка на одржувањето на мобилниот информатички и комуникациски центар – ИНФОБУС, кој успешно опслужува 18 населени места во Општина Штип. Во овие места живее различно етничко население.

Македонската тековна библиографија има цел да ја презентира издавачката продукција на монографски публикации, статии и прилози и сериски публикации издадени во Република Македонија. Свеските од сериите од Македонската тековна библиографија се дистрибуираат до библиотеките во Република Северна Македонија и до сто и дваесет светски библиотеки, со што се афирмираат македонските културни и научни достигнувања. Се врши унапредување на информациските услуги во квалитативна и квантитативна смисла, нивно промовирање,

презентирање, како и пребарување од корисници кои се дел од научната и културната јавност во земјава и во странство. Со средствата одвоени за оваа намена се овозможува пристап до електронски списанија, електронски книги, документи, мапи, фотографии и други материјали.

За заштита на целокупниот библиотечен материјал се опфатени сите мерки и постапки за да се спречи, одложи или да се намали оштетувањето на библиотечниот материјал, на книжниот фонд, на македонскиот задолжителен архивски примерок, како и за заштита на старите ракописи, старопечатените и ретки книги.

За обучување стручен кадар за користење на информатичката опрема и за работа со КОБИСС-програмата, во НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје се одржуваат курсеви и обуки за едукација и стручно оспособување на постојниот библиотечен кадар од сите национални, јавни и библиотеки во установи што не се од културата.

Поддржани се проекти наменети за неподвижни и изнемоштени лица кои, за жал, се наоѓаат во подредена состојба, изолација и нема сериозен пристап за овозможување на нивната ресоцијализација и вклучување во нормалниот живот. Со овие проекти се придонесува за поголема интеграција на овие лица во општеството, а со самото тоа ќе се промени и содржината на секојдневието на оваа категорија граѓани, за кои општеството има обврска да стори нешто повеќе.

Многубројни се и проектите што се наменети за помладата популација во општеството – децата. Целта е нивно привлекување и анимирање преку афирмација и популаризација на библиотеката.

Промовирањето и презентирањето на тековната книжна продукција и на новооткупените книги беа присутни речиси во секоја библиотечна установа во државава. Имено, поддржани се сите библиотечни установи што доставиле пријави за финансирање вакви проекти.

## ➢ МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

Во 2024 година средствата од музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | **100.511.109,00** |
| Програмски средства<br>(проекти, материјални трошоци за работа на установите и агенциско обезбедување) | 71.013.109,00 |
| Трошоци за електрична енергија, комунални трошоци, греење | 28.064.768,00 |
| Испратнина и парична помош за вработените | 1.433.232,00 |
| | |
| **Одобрени проекти на Конкурсот за 2024 година** | **14.738.030,00** |
| Локални установи | 3.442.830,00 |
| Други буџетски корисници | 3.889.600,00 |
| Здруженија на граѓани и НВО | 6.688.600,00 |
| Поединци – физички лица | 717.000,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство беа поддржани 296 проекти од областа на археологијата, етнологијата, историјата, историјата на уметноста, природонауката и заштитата на нематеријалното културно наследство, и тоа: 195 проекти на национални установи, 31 проект на локални музејски установи, 13 проекти на други буџетски корисници, 49 проекти на здруженија на граѓани и НВО и 8 проекти на поединци – физички лица. Од нив, беа реализирани 288 проекти, односно **97 %** од одобрените проекти во 2024 година.

Во програмата за 2024 година фокусот беше ставен на: систематските археолошки ископувања, природонаучните и етнолошките истражувања, каталогизацијата, непосредната конзервација на музејските предмети и заштитата на визуелната етнологија, откупот, воспоставувањето нови музејски поставки, гостувањата на повремени изложби, популаризацијата и презентацијата на нематеријалното културно наследство, како и дигитализацијата на нематеријалното културно наследство.

Приоритет беше остварувањето на непосредната заштита на сите видови движно културно наследство, вклучително и валоризацијата и ревалоризацијата на движното и духовното културно наследство, обезбедувањето траен електронски запис и ефикасен пристап до документацијата за

културното наследство и поттикнувањето на националните и на локалните установи за поголема соработка со граѓанскиот сектор и со организациите на лицата со попреченост.

## ➢ ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Во 2024 година **средствата во областа на заштитата на недвижното културно наследство** беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи (програми 50 и 58) | **61.760.455,00** |
| Програмски средства<br>(материјални трошоци за работа на установите) | **4.735.102,00** |
| Трошоци за електрична енергија, комунални трошоци, греење | **9.248.415,00** |
| Испратнина и парична помош за вработените | **1.132.950,00** |
| | |
| Други исплати | **853.104,00** |
| Локални установи | **195.590,00** |
| Други буџетски корисници | **300.400,00** |
| Здруженија на граѓани и НВО | **2.155.600,00** |
| Поединци – физички лица | **663.700,00** |

Во рамките на Годишната програма од областа на заштитата на недвижното културно наследство беа одобрени вкупно 161 проект, од кои: 131 проект на 11 национални установи; 2 проекта на 2 локални музејски институции; 5 проекти на 5 други буџетски корисници; 15 проекти од 13 правни субјекти и 8 проекти на 8 поединци – физички лица. Од нив, целосна или делумна реализација имаа вкупно 111 проекти од национални установи, или 58,3 %, додека целосно или делумно се реализирани 29 проекти на други корисници, или 92,7 %. Вкупната реализација на проектите е 63,6 % од сите одобрени проекти за 2024 година.

Во областа на недвижното културно наследство, во 2024 година вниманието беше насочено кон соодветната заштита на сакралните и на профаните споменици на културата, како и на откриените структури од археолошките истражувања.

Заврши реализацијата на проектот за адаптација на објектот „Св. Ѓорѓи/Мехмед-ефенди – Јени џамија" во галериски простор – по повеќегодишни истражувања, конзервација и реставрација, повторно е отворена за посетители „Јени џамија" во центарот на Битола, која ќе претставува музеј на христијанската и муслиманската култура. Џамијата датира од 16 век, а археолошките истражувања покажаа дека во нејзините темели се наоѓа некогашната катедрална и најголема црква во Битола „Свети Ѓорѓи" и христијанска некропола. Со поддршка од Министерството за култура и туризам се реставрирани екстериерот на објектот, тремот и подот, од каде што низ застаклени сводови се гледаат темелите на црквата. Во текот на 2024 година заврши и конзервацијата на црквата „Св. Ѓорѓи" во с. Курбиново, односно завршени се сите предвидени активности за непосредна конзервација на живописот во црквата. Заштитата на ѕидното сликарство што беше прогласено за културно наследство во опасност, се спроведе во изминатите неколку години со средства од Министерството за култура и туризам и во соработка со Европскиот центар за византиски и поствизантиски споменици од Солун, Грција, а активностите се изведуваа од страна на надлежната установа НУ Завод и музеј – Битола.

Во рамките на Програмата за работа на Владата, продолжи реализацијата на проектите од областа на заштитата на недвижното културно наследство: *Непосредна заштита на конзерваторско-реставраторски работи на Аквадуктот во Скопје преку надлежната НУ Конзерваторски центар – Скопје,* се реализираа предвидените активности за санација и статичка консолидација на дел од арките меѓу столбовите. Реализацијата на проектот за реконструкција и адаптација на објектот на старото училиште на КП 2524, КО Љубојно, Општина Ресен, продолжи со предвидените активности. Реализирана е и предвидената фаза од непосредна заштита: конзервација, реставрација, санација и ревитализација на конакот во Лешочкиот манастир „Св. Атанасие", с. Лешок – Тетово. Заврши реализацијата на проектот за конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквата „Св. Богородица", Лешок. Во рамките на програмата за културно наследство во опасност се реализираа проектите за итни мерки за заштита на куќата на ул. „Коча Миленку" бр. 29 во Крушево на КП 5909, КО Крушево и за итни мерки за заштита на Бегова куќа на

ул. „Мајор Чеде Филиповски“ бр. 68, Гостивар – културно наследство во опасност. Изведени се хидрогеолошки и геотехнички теренски истражувања, изработени се геотехнички елаборат и проект за дренирање на површински и подземни води во манастирскиот комплекс „Трескавец“ кој е добро во опасност, а е изработен и основен проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата „Успение на Пресвета Богородица“ од манастирот „Трескавец“, во чии рамки влегува изработката на основен проект за санација и конструктивна консолидација.

Во рамките на Годишната програма за заштита на недвижно културно наследство, а во соработка со надлежните национални установи, во 2024 година продолжија активностите за: заштита и санација на спомениците од НОБ и Револуцијата кои имаат статус на заштитено културно наследство: Спомен-костурницата на паднатите борци од НОВ во Куманово – II фаза; изработка на проект за санација, реставрација и конзервација на „Могилата на непобедените“; реализација на основен проект за конзервација, санација и реставрација на Спомен-костурницата на паднатите борци од НОВ во Струмица – II фаза; увид и тековно одржување на спомeникот на Преспанското советување на ЦК на КПМ и на други споменици и спомен-плочи под надлежност на НУ Завод и музеј – Битола.

Од другите проекти, треба да се спомнат: конзервација и реставрација на црквите „Св. Архангел Михаил“ и „Св. Гаврил Лесновски пустиножител“ во Лесновскиот манастир; конзерваторски доистражувања на т.н. „владетелска палата“ на археолошкиот локалитет Градиште, с. Кнежје, Свети Николе или Билазора; реализација на третата фаза од Основниот проект за конзервација, реставрација и реконструкција на „Стара џамија“ во село Равен, Општина Гостивар и реализација на основен проект за конзервација и реставрација на фасадите на објект на ул. „Наум Наумовски Борче“ бр. 88 во Скопје.

**Во областа на заштитата на аудиовизуелните добра, во 2024 година** одобрените средства беа распределени за следниве намени:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национална установа Кинотека на РСМ | 3.751.112,00 |
| Програмски средства<br>(материјални трошоци за работа на установите) | 555.459,00 |

| | |
|---|---|
| Трошоци за електрична енергија, комунални трошоци, греење | 1.618.877,00 |

Во рамките на Годишната програма од областа на заштитата на аудиовизуелните добра, во 2024 г. беа одобрени вкупно 5 проекти на НУ Кинотека на РСМ кои се делумно или целосно реализирани, односно 83 % од вкупно одобрените проекти.

Како позначајни проекти се издвојуваат: континуирани активности за заштита и чување на филмови, филмски и видеоматеријали и друга кинотечна граѓа; дигитализација на македонски филмови и изработка на ДВД-изданија; преземање, прибирање, набавка и чување на филмови и филмски материјали, музејски експонати, пропаганден материјал и друга аудиовизуелна граѓа од институции и од поединци од областа на кинематографијата и др. Исто така, продолжи востановената практика за тематски проекции на домашни и на меѓународни филмски остварувања што се прикажуваат во кинотечното кино.

## 5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата во 2024 година, средствата за меѓународна дејност беа распределени за следниве програмски активности:

| Програмски активности | Исплатени средства по планови |
|---|---|
| Национални установи | |
| – Програма 90 (билатерална, мултилатерална) | 29.234.295,00 |
| – Програма 93 (центри во странство) | 660.000,00 |
| | |
| Одобрени проекти на други корисници, котизации, комисии, фактури, КИЦ | |
| – Програма 90 (билатерална, мултилатерална) | 33.298.758,00 |
| – Програма 93 (центри во странство, обврски од 2023 година, котизации) | 8.159.280,00 |
| – Програма 93 (кирии, плати и слично за директорите на КИЦ) | 27.413.549,00 |

- Во прилог се табели на поддржани и исплатени проекти на национални установи и на други корисници, заедно со вратени и сторнирани средства што не се искористени од корисниците.

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата – меѓународна дејност, во 2024 година беа поддржани вкупно 220 проекти, од кои беа реализирани 205 проекти (93 % реализација), односно од 55 поддржани проекти на националните установи, беа реализирани 49, и од поддржани 165 проекти на други корисници, беа реализирани 156 проекти. На ова треба да се додадат и проектите во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство, односно во центрите во Њујорк, Истанбул, Софија, Тирана и во Загреб. Во овие културно-информативни центри беа поддржани вкупно 85 проекти, од кои беа реализирани 78 проекти (91 % реализација), од кои: 4 се на национални установи, 58 се од други корисници и 16 проекти се предложени и реализирани од самите директори на КИЦ.

Следејќи ги критериумите за квалитет, иновативност и креативност, како врвни приоритети во меѓународната афирмација на културата од Република Северна Македонија, во 2024 година се поддржани проекти од повеќе дејности, автори и уметници со потврдена репутација, како и млади талентирани уметници. Во согласност со Годишниот конкурс, во меѓународната дејност и

соработката со УНЕСКО акцент беше ставен на претставување во европските метрополи, градовите европски престолнини на културата, земјите претседавачи со Европската Унија, но и на проекти што се во функција на продлабочување на соработката со дијаспората и на регионална соработка и поврзување. Во таа смисла, во годината во која Музејот на современата уметност ја одбележа 60-годишнината од основањето, се издвојува извонредниот успех на изложбата „Ниедно чувство не е конечно. Колекција на солидарноста", која беше отворена во Националната галерија на Чешката Република во Прага и која за осум месеци ја видоа над 150 000 посетители. Претходно, изложбата беше поставена во престижниот простор „Кунстхале" во Виена, каде што за девет месеци ја видоа над 75 000 посетители. Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски" од Битола реализираше успешно претставување на Република Северна Македонија на Меѓународниот саем на книгата во Лајпциг, Германија. Националната опера и балет гостуваше на сцената на Софиската национална опера и балет со операта „Набуко" од Џ. Верди, гостување што е дел од Договорот за соработка потпишан во ноември 2023 година меѓу националните опери на двете држави, а уследи по настапот на Софиската опера и балет на годинашните Мајски оперски вечери со операта „Валкира" од Р. Вагнер. Македонската филхармонија имаше настап во Дубровник, Хрватска. Веќе традиционалната регионална унија на театри „Рута" и во 2024 година овозможи претставување на Драмскиот театар во Љубљана, Подгорица, Белград, Загреб и во Сараево, како и присуство на театрите од овие градови на сцената во Скопје. Во драмската дејност треба да се нотираат гостувањата на Народниот театар од Битола, Албанскиот театар од Скопје, Тетовскиот театар и на Гостиварскиот театар во Полска, Албанија, Турција и во БиХ, како и реализацијата на проектите „Наши денови" и „Манифест" во Србија и во Бугарија во организација на Центарот за култура „Јордан Х. К. Џинот" од Велес.

Националниот ансамбл за народни игри и песни „Танец", прославувајќи 75 години од основањето, реализираше балканска турнеја, при што настапи во Љубљана, Загреб, Бања Лука и во Подгорица, а Ансамблот за албански народни ора и песни во Република Северна Македонија од Скопје гостуваше во Холандија.

Заштитата на културното наследство, како еден од врвните приоритети во работата на Министерството за култура и туризам, и во рамките на меѓународната соработка се огледува низ неколку исклучителни проекти, како што се: реализација на изложбата „Првите кралеви на Европа" во Гатинео, Канада, проект поттикнат од Амбасадата на Соединетите Американски

Држави во Скопје, а реализиран од Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј од Битола; Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" од Скопје ја реализираше обуката на конзерватори од Библиотеката и од Музејот на современата уметност што ја одржа интернационален стручен конзерваторски тим за хартија од Франција. Кинотеката на Република Северна Македонија како и секоја година, така и оваа учествуваше на Фестивалот на запаливи (нитратни) филмови во Белград, Србија, на Фестивалот на неми филмови во Порденоне, Италија и на Фестивалот на новооткриени и реставрирани филмови во Болоња, Италија.

Од другите позначајни настани и проекти поддржани на Годишниот конкурс на Министерството во рамките на меѓународната дејност, ги издвојуваме: претставувањето на Република Северна Македонија на Меѓународниот саем на книгата во Франкфурт, Германија, во организација на Здружението „Македонска асоцијација на издавачи"; Здружението Академско културно-уметничко друштво „Мирче Ацев" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје учествуваше на „13. Светски хорски фестивал на мирот" (The 13th World Peace Choral Festival) во Виена, Австрија; Здружението на граѓани „Локомотива" – Центар за нови иницијативи во уметноста и културата од Скопје го реализираше проектот „Отворен курс: Кураторски пракси во контекст/Меѓународна летна школа" во Струга, Скопје и во Стокхолм, Шведска; Здружението за промоција на европските културни вредности во Република Македонија „Европска алијанса" од Скопје ја организираше Регионалната конференција за колективно управување на авторски и сродни права – фокус на Централна и Источна Европа во Скопје; Друштвото за трговија и услуги „Бренд солушн ДООЕЛ" од Скопје го реализираше проектот „Достапно Скопје (Accessible Skopje) – Подобрување на инклузивноста во културата за лицата со телесна попреченост" во Виена, Австрија; Здружението на Македонците по потекло од Албанија „Сонце" од Скопје и во 2024 година успешно ја организираше манифестацијата „Македонско културно лето" во Пустец и во Корча, Р Албанија. Од гостувањата на фолклорните ансамбли во странство, се издвојуваат: учеството на АНПО „Кочо Рацин" на Меѓународниот фолклорен фестивал во Писек, Чешка; учеството на АНПИ „Јонче Христовски" на 30. Меѓународен фолклорен фестивал „Златна риба" (The golden fish) во Тулчеа, Романија; учеството на Здружението на млади за човекови права, антикорупција и самовработување „ЕСЕ" на Меѓународниот музичко-фолклорен фестивал за лица со попреченост „Сите сме исти" во Кушадаси, Турција; учеството на АКУД „Мирче Ацев" на Меѓународниот

фолклорен фестивал „Интерфолк“ (Interfolk) во Пуј ен Велеј, Франција; учеството на КУД „Љиљан“ на 14. Интернационален детски фолклорен фестивал во Анталија, Турција и др. Од индивидуалните настапи на нашите уметници, се издвојуваат претставувањата на: Роберт Јанкуловски и Моника Мотевска во Нови Сад; Страхил Петровски во Будва; Решат Амети во Лабин, Хрватска; како и настапите на: Благој Нацоски во Јапонија; Мимоза Ќека во Хрватска; Арда Мустафаоглу во Франција, Германија, Србија и во Словенија; Ева Богоевска во Малта; Анди Исмаили во Полска (каде што стана светски шампион во балет) и други.

Повеќе години Министерството на годишно ниво поддржува и двомесечен престој на македонски уметници во ателјето при Меѓународниот град на уметностите во Париз. Овој престој е убава можност за уметниците од нашата земја да соработуваат со своите колеги од светот и да реализираат изложби во овој реномиран културен простор. Во 2024 година беше реализиран престој на неколку уметници во Париз, меѓу кои: Марија Мицова Гацова, Тони Васиќ, Билјана Билбиловска и Тања Балаќ.

- **Меѓународни документи, спогодби и програми за соработка**

Министерството за култура и туризам во делот на меѓународната дејност и соработката со УНЕСКО и во 2024 година посвети особено внимание на поддршката на иницијативите кои се во насока на усогласување на културните политики во Република Северна Македонија со релевантните културни политики, пред сè, на ОН, УНЕСКО, ЕУ, како и на активна партиципација на нашата држава во политиката на ЕУ за отворање и збогатување на европскиот културен простор. Во таа смисла, континуирано се остварува билатералната соработка со другите земји и врз основа на меѓународни документи, спогодби и програми, кои се правна рамка за институционално поврзување на државите. Во 2024 години се вршеше усогласување на повеќе текстови на документи, од кои се издвојува Договорот меѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со наметнувањето ограничувања за увоз на категории археолошки и етнолошки материјал од Северна Македонија, со што ќе се создадат и правни услови за обезбедување техничка помош од страна на САД за заштита на културното наследство. Во 2024 година се одбележаа и 30 години од воспоставувањето на дипломатските односи со Јапонија и во рамките на овој јубилеј, во официјална посета на нашата држава престојуваше комесарот за културна соработка на Јапонија, Шуничи Токура. Во таа пригода,

комесарот Шуничи Токура и министерот за култура и туризам Зоран Љутков потпишаа меморандум за соработка, кој ќе придонесе за интензивирање на соработката во културата меѓу двете држави, на соработката во рамките на проектите од УНЕСКО и во филмската дејност. Во рамките на оваа посета, Националниот џез-оркестар одржа концерт на кој беа изведени композиции инспирирани од македонското изворно творештво, како и авторска композиција на гостинот Нобуо Ватанабе од Јапонија.

- **Учество на меѓународни настани, традиционални манифестации**

Република Северна Македонија континуирано партиципира на светски етаблираните културни настани од типот на Биеналето на ликовната уметност и на архитектурата во Венеција. На 60. Интернационална ликовна изложба во Венеција во 2024 година нашата држава беше претставена со проектот „Inter spem et metum/Помеѓу надеж и страв/Between hope and fear", на авторката Славица Јанешлиева, а носител на проектот беше Националната галерија на РСМ.

Традиционалната манифестација „Македонија во чест на Св. Кирил во Рим" се реализира веќе пет децении. Во 2024 година, во рамките на манифестацијата, концерт одржа Камерниот оркестар од Битола, со солистката Наде Талеска-Спасовска, кој имаше извонреден прием кај гостите во салата „Балдинини" и на кој беа изведени македонски изворни песни, сплет од староградски песни, византиски песни и други дела од богатата македонска изворна музичка ризница.

- **Културно-информативни центри во странство**

Министерството за култура и туризам, преку своите годишни конкурси, континуирано поддржува и проекти што се реализираат во културно-информативните центри во странство и овозможуваат претставување на творештвото на авторите од Република Северна Македонија и на репродуктивните уметници, како и збогатување на нивните искуства и контакти.

Програмата на центрите во 2024 година беше речиси целосно реализирана. Пред јавноста во Њујорк, Истанбул, Софија, Тирана и во Загреб се претстави: камерниот состав „Макбрас", „Васил Хаџиманов бенд", со изложба на фотографии од џез-фестивалите „Кавадаречка џез-вечер" (Kavadarci Jazz night) уметниците Сашко Темелковски, Адријан Лимани, Симонида Филипова Китановска, Никола Пијанманов, Ѓорѓе Јовановиќ, Јана Манева Чупоска, Марко Виденовиќ,

Андреја Наунов, Антонио Китановски, Весна Ѓиновска Илкова, Башким Меџити, Шкељзен Пајазити, хорот „Менада“, Друштвото за издавачка дејност „Макавеј“ и многу други.

Откако во 2023 година Собранието на РСМ го ратификуваше Договорот меѓу Република Северна Македонија и Република Србија за отворање културно-информативни центри во двете држави, Владата на РСМ во првиот квартал од 2024 година донесе Одлука за отворање на КИЦ во Белград и во тек се интензивни подготовки за негово отворање.

- **Мултилатерална соработка**

Република Северна Македонија континуирано посветува големо внимание на соработката со УНЕСКО и преку надлежните органи, институции, локалната самоуправа, здруженија на граѓани и поедници, активно се промовираат активностите и иницијативите од програмските области на Организацијата: културата, образованието, науката, животната средина, информатичко-комуникациските технологии, програмите за млади, граѓанското општество и човековите права.

Со Одлуката 45.COM 7B.104 од 45. сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО што се одржа во 2023 година во Ријад, Кралство Саудиска Арабија, беа поздравени напорите што државите членки ги прават во насока на намалување на факторите кои негативно влијаат врз исклучителната универзална вредност на регионот и не беше предложено впишување на Охридскиот Регион на Листата на светско наследство во опасност. Република Северна Македонија и Република Албанија, како земји членки на Конвенцијата за светско наследство (Париз, 1972), беа задолжени да изготват заеднички извештај за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (45 COM 7B.104) и да го ревидираат Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион.

Во согласност со Одлуката, беше формирана работната група за ревизија на Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион, во согласност со забелешките на Центарот за светско наследство на УНЕСКО, односно од советодавното тело ИКОМОС. Ревидираниот Стратегиски план беше доставен до експертите од Република Албанија за дополнување од нивна страна.

Заедничкиот извештај за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (45 COM 7B.104) и ревидираниот Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион, во заедничка координација со Република Албанија, беше доставен до Центарот за светско наследство во текот на февруари 2024 година.

Потврдувајќи го отворениот и партнерски однос на Република Северна Македонија и Република Албанија кон Центарот за светско наследство и советодавните тела, во јануари 2024 година државите побараа заедничка Реактивна мониторинг-мисија на Центарот за светско наследство на УНЕСКО и советодавните тела – Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN) и Меѓународниот совет за споменици и локалитети (ICOMOS) во прекуграничното светско наследство „Природно и културно наследство на Охридскиот Регион", која се реализираше во двете држави во периодот од 25 до 29 март 2024 година. Мисијата имаше цел да ја процени моменталната состојба на природното и културното наследство на Охридскиот Регион со насоки за идните активности за соодветна заштита на наследството.

Во периодот од 21. до 31.7.2024 година во Њу Делхи, Индија, се одржа 46. сесија на Комитетот за светско наследство, на кој беше донесена Одлуката 46 COM 7B.44 во која повторно беа наведени препораки што двете држави треба да ги исполнат и во која беше наведено дека статусот на Охридскиот Регион ќе биде разгледуван на 47. сесија на Комитетот што ќе се одржи од 6. до 16.7.2025 година во Софија, Р Бугарија.

На 19. сесија на Меѓувладиниот комитет на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство, кој од 2 до 7 декември 2024 година се одржа во Асунсион, Република Парагвај, „Традиционалната изработка и свирење на гајда" беше впишано како нов елемент на Листата на УНЕСКО за нематеријално културно наследство на човештвото. Ова е резултат на мултинационалното досие кое во 2023 година го достави до УНЕСКО Министерството за култура на Република Северна Македонија во координација со Министерството за култура и туризам на Република Турција.

Треба да се истакне и одбележувањето на 20-годишниот јубилеј од донесувањето на Конвенцијата на 17 октомври, кој беше прогласен за Меѓународен ден на нематеријалното

културно наследство од страна на Генералната конференција на УНЕСКО во 2023 година. Комисијата за култура и туризам на Собранието на Република Северна Македонија го одбележа овој ден, а беа реализирани и пригодни активности од други институции, со што уште еднаш беше потврдена заложбата на државите членки за подигнување на свеста за зачувување и промоција на нематеријалното културно наследство во меѓународни рамки.

Од вкупно 7 предлог-проекти поднесени од нашата држава во рамките на Програмата за партиципација на УНЕСКО за периодот 2024 – 2025 година, засега е одобрен проектот „Елиминирај: Иницијатива за управување со инвазивната Elodea canadensis во изворите Свети Наум" на Здружението за екологија ЕКОМЕНЛОГ од Охрид со финансиска поддршка во износ од 20.000 американски долари. Во периодот што следува се очекува да се одобрат и други проекти.

Во проектот „Образование за холокаустот и меѓукултурното разбирање во Југоисточна Европа: обновување на ексјугословенскиот павилјон во Аушвиц-Биркенау" – под покровителство на Регионалното биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа со седиште во Венеција, Италија, Република Северна Македонија е вклучена од 2011 година. Проектот беше заеднички развиен од страна на шест држави сукцесори (Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Словенија) во соработка со УНЕСКО и се однесува на повторно воспоставување заедничка постојана поставка во блокот 17 на Државниот музеј Аушвиц-Биркенау во Република Полска како место на сеќавање на жртвите во концентрациониот логор и логор за истребување Аушвиц-Биркенау. Во согласност со Договорот, надоместокот на трошоците за реновирање и конзервација на заедничките простории, структури и сегменти од блокот 17, кој Република Северна Македонија треба да го надомести во согласност со Спогодбата за прашања за сукцесијата, изнесува 7,50 % од вкупниот износ, односно 75.000 евра. Државите потписнички на Договорот се обврзуваат да ги финансираат и трошоците за поставување на заедничката постојана поставка во блокот 17, трошоците за одржување и сите преостанати трошоци поврзани со заедничката постојана поставка во блокот 17 во согласност со наведената Спогодба, односно Република Северна Македонија ќе треба да надомести 7,50 % од трошоците што ќе бидат дополнително утврдени. Генералниот директор на УНЕСКО ја има улогата на депозитар на овој договор. Во седиштето на УНЕСКО во Париз на 25.1.2024 година на свечена церемонија во присуство на генералниот директор на УНЕСКО, г-ѓа Одре Азуле, официјално беше потпишан Договорот од страна на

министрите за култура и членовите на делегациите од земјите: Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија и Словенија, додека од наша страна беше потпишан на 22.1.2024 година во Скопје. Сега следува процесот на ратификација на Договорот од страна на државите, при што треба да се нагласи дека Собранието на РСМ на седницата одржана на 18.12.2024 година го донесе Законот за ратификација на Договорот за финансирање на повторното воспоставување заедничка постојана поставка во блокот 17 на Државниот музеј Аушвиц-Биркенау. Во тек е координација помеѓу државите сукцесори за финализирање на концептот на заедничката постојана поставка, во чија изработка беше вклучена работна група со претставници од државите и познатото студио „Либескинд" (Libeskind) со финансиска поддршка од Фондот на семејството Херман.

Проектот на ЕУ и УНЕСКО „Борба против нелегалната трговија со културната сопственост во Западен Балкан" има цел зајакнување на регионалната соработка и добрососедските односи преку културата и културното наследство како основни предуслови за напредок кон европскиот пат, со посебен фокус на заштитата на културното наследство и борбата против недозволената трговија со културни добра преку градење капацитети и активности за подигнување на свеста за ова прашање. Проектот е поддржан и финансиран од Европската Унија, а за неговата реализација и координација со државите учеснички се задолжени Регионалното биро на УНЕСКО во Венеција и Антена-канцеларијата на УНЕСКО во Сараево. Во проектот се вклучени земјите од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и нашата земја.

Во рамките на проектот на ЕУ и УНЕСКО „Борба против нелегалната трговија со културната сопственост во Западен Балкан", во периодот од 8. до 12.7.2024 г. во Скопје УНЕСКО организираше 5-дневна работилница за подигнување на свеста и градење капацитети за борба против недозволената трговија со културни добра за различни категории на клучни институции и други засегнати страни, на која учествуваа претставници од министерствата за култура и туризам, правда, внатрешни работи и царинската управа, јавни обвинители и судии, како и музејски професионалци и менаџери на локалитетите.

Како резултат на успешната реализација на оваа работилница, од 27. до 29.11.2024 година во Скопје УНЕСКО повторно организираше 3-дневна работилница со наслов „Борба против недозволени активности со културните добра и легислативата во Република Северна Македонија".

Во рамките на проектот, заради подобрување на безбедноста на локалитетите и институциите надлежни за заштита на културното наследство (музеи, археолошки локалитети и др.) во Република Северна Македонија, УНЕСКО ќе вложи околу 80.000 евра за обезбедување безбедносна опрема, видеонадзор и конкретни активности на локалитетот „Градиште", Таор, Скопје предложен од страна на Министерството за култура и туризам.

Во периодот од 5. до 7.12.2024 година во Херцег Нови, Црна Гора, се одржа министерски состанок во рамките на регионалната иницијатива – Совет на министри за култура од Југоисточна Европа (CoMoCoSEE) – јакнење на културата во функција на одржливиот развој, на кој учествуваше официјална делегација од нашата држава предводена од министерот за култура и туризам, Зоран Љутков. Состанокот беше организиран од страна на Министерството за култура и медиуми на Црна Гора и Регионалното биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа со седиште во Венеција, Италија, и на него присуствуваа министрите за култура и шефовите на делегациите од државите членки на оваа иницијатива.

Учеството на овој состанок беше особено значајно бидејќи Република Северна Македонија официјално го презеде претседателството со CoMoCoSEE за 2025 година.

## 6. ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ

Во 2024 година средствата за програмата од областа на европските интеграции беа распределени за следниве намени:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални и локални установи | 3.391.976,00 |
| – **програмски средства** (финансиска поддршка за одобрени проекти на националните и на локалните установи на Конкурсот за 2024 година) | 1.138.085,00 |
| – **програмски средства** (национално финансирање на европскиот проект „Конзервација и реставрација на културно-туристичкиот комплекс Св. Ѓорги во Старо Нагоричане“, во согласност со финансиската конструкција за реализација на проектот за периодот 2023 – 2024 година. (Ревидиран динамичен план бр. 08-32/2 од 31.01.2023 год. и Анекс на договорот бр. 37-2234/1 од 23.02.2022 год.) | 1.300.000,00 |
| – **програмски средства** (поврат на средства кон Европската комисија, преку Националниот фонд – Министерство за финансии по Договор бр. 10-27408/1 за ИПА-проектот „Конзервација и ревитализација на културно-туристичкиот комплекс Св. Ѓорѓи – Старо Нагоричане“ во износ од 6.080,34 евра во денарска противвредност, а кој се имплементираше од страна на НУ Национален конзерваторски центар Скопје) | 373.891,00 |
| – **програмски средства** (исплата за влезен билет за учество во Програмата за културните рути на Советот на Европа) | 580.000,00 |
| | |
| Други корисници | **Вкупно:** 15.191.121,00 |
| – **програмски средства** (исплата за поддржани проекти од програмата *Креативна Европа (2014 – 2020) и (2021 – 2027), потпрограма Култура* на правни лица од Република Северна Македонија | 11.837.495,00 |

| | |
|---|---|
| – **програмски средства** (исплата за влезен билет за програмата *Креативна Европа – потпрограма Култура (2021 – 2027)* за 2024 година) | 2.060.000,00 |
| – **програмски средства** (исплата на пренесени обврски од 2023 во 2024 година за кофинансирање проекти на *Креативна Европа* и Западен Балкан) | 1.293.626,00 |
| **Вкупно исплатени средства за реализација на програмата на Секторот за европски интеграции за 2024 година** | 18.585.097,00 |

## ➢ Програма *Креативна Европа на ЕУ 2021 – 2027*

Од мај 2023 година, Канцеларијата за Креативна Европа на Република Северна Македонија (Култура и МЕДИА) продолжи со спроведувањето на работната програма на национално ниво во рамките на актуелниот Договор за грант бр. 101101834 – CED МК, потпишан на 21 декември 2022 година меѓу Извршната агенција за образование и култура и Министерството за култура и туризам (корисник/координатор) и Агенцијата за филм (партнерска организација).

Во согласност со меѓународниот договор меѓу РСМ и Европската Унија за учество на РСМ во програмата *Креативна Европа 2021 – 2027*, Министерството и Агенцијата за филм извршија уплата за влезен билет за учество на нашата држава во Креативна Европа во 2023 година. Во 2024 година Министерството за култура и туризам ја реализираше уплатата за учество во потпрограмата *Култура* во износ од 2.060.000,00 денари, а беше извршена и целосна уплата за влезен билет за потпрограмата *МЕДИА* за 2024 година.

Во согласност со актуелниот Договор за грант, Канцеларијата го подготви и го достави периодичниот извештај до Извршната агенција (март 2024) преку порталот за финансирање и тендери (SYGMA) во кој се содржани подетални информации за текот и предизвиците при имплементацијата.

Канцеларијата за Креативна Европа (Култура и МЕДИА) достави апликација во рамките на повикот за предлог-проекти за канцелариите за Креативна Европа за периодот 2025 – 2027 година. Во моментов Канцеларијата работи на GAP-подготовката на апликацијата по што ќе следува

официјалното потпишување на договор за грант со Извршната агенција за образование и култура за новото тригодишно работење на Канцеларијата.

Во 2024 година Канцеларијата за Креативна Европа – потпрограма Култура ги реализираше следниве оперативни и програмски активности:

(1) Дводневен „Транснационален и вмрежувачки настан за можностите на Креативна Европа во 2024 година“ на 6 и 7 декември 2024 година во Скопје. Настанот беше организиран од страна на Министерството за култура и туризам (Одделение за Креативна Европа – Култура) во соработка со партнерските организации: канцелариите на Креативна Европа (Култура) од земјите членки на Европската Унија (Белгија, Германија, Словенија), земјите од Западен Балкан (Албанија, Црна Гора, Србија) и земјите од источното соседство на Европската Унија (Грузија), како и Град Скопје номиниран за (ЕПК 2028) и Град Руан (тогашен кандидат за ЕПК 2028).

(2) Техничка помош за заинтересираните потенцијални апликанти, пред сè, за акциите *Проекти за соработка* и *Циркулација на европски книжевни дела*.

(3) Промоција на поддржаните проекти во рамките на програмата *Креативна Европа – потпрограма Култура*.

(4) Промоција на програмата преку електронските медиуми, веб-страницата и фејсбук-профилот на Министерството за култура и туризам (пр.: актуелните повици, јавните настани, успешните проекти и сл.).

(5) Учество на неформални и на редовни состаноци на канцелариите за Креативна Европа и на онлајн состаноците, обуките и сл. преку платформата „Тимс“ на Креативна Европа.

(6) Учество на онлајн настани во организација на канцелариите за Креативна Европа.

(7) Учество на настани во организација на корисници на потпрограмата *Култура* и други заинтересирани страни.

(6) Индивидуални консултации со заинтересирани потенцијални апликанти.

(7) Подготовка на податоци за нова веб-страница на Канцеларијата со дополнителни алатки, како и на промотивниот материјал.

(9) Учество во активностите поврзани со состанокот на управувачките платформи на Западен Балкан за образование и обука, истражување и иновации и култура и министерските состаноци одржани 3 – 4 јуни и 29 септември – 1 октомври во Скопје.

**Поддржани проекти**

➢ **Проекти за европска соработка**

Во рамките на повиците за аплицирање објавени во 2023 година, поддржани се 7 проекти од категоријата *Проекти за европска соработка*, од кои 1 проект во кој македонска организација е водечки партнер во проектот и 6 проекти од категоријата *Циркулација на европски книжевни дела и литературни преводи.*

Во текот на 2023 година беа објавени два конкурса од страна на Министерството за култура за учество во финансирање проекти на правни лица од Република Северна Македонија кои се поддржани од програмата *Креативна Европа (2014 – 2020) и (2021 – 2027)* – потпрограма *Култура* на Европската Унија за 2023 година и еден Конкурс за учество во финансирање проекти на правни лица од Република Северна Македонија кои се поддржани од програмата *Креативна Европа (2021 – 2027)* – потпрограма *Култура* на Европската Унија за 2024 година, со средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

Во рамките на првиот објавен конкурс за 2023 година, од програмата *Креативна Европа (2014 – 2020)* – потпрограма *Култура* се одобрени финансиски средства за кофинансирање на вкупно 3 проекти, во вкупен износ од 4.113.090,00 денари, а во рамките на вториот објавен конкурс за 2023 година, од програмата на *Креативна Европа (2021 – 2027)* – потпрограма *Култура* се одобрени финансиски средства за кофинансирање на вкупно 16 проекти, во вкупен износ од 8.458.160,00 денари. Заклучно со декември 2023 година, за кофинансирање на одобрени проекти од програмата на *Креативна Европа (2014 – 2020) и (2021 – 2027)* се исплатени финансиски средства во вкупен износ од 10.919.401,00 денари.

1. **Агенда на ЕУ за Западен Балкан за иновации, истражување образование, култура, млади и спорт**

Активно учество на Министерството за култура и туризам во Програмата за Западен Балкан на Европската комисија која има цел да ја зацврсти соработката меѓу Европската комисија и

земјите во Западен Балкан во процесот на преговорите во повеќе области, меѓу кои и во секторот култура.

На 30.9.2024 и 1.10.2024 година се одржа министерска конференција на Управувачката платформа во рамките на Агендата за Западен Балкан за истражување и иновации, образование и обука и култура. Секторот за европски интеграции е активно вклучен во заедничката соработка во рамките на Управувачката платформа за култура, истражување и иновации, образование и обука за земјите од Западен Балкан.

Оваа платформа претставува значаен механизам кој ќе овозможи вклучување на сите чинители во овие сектори (културните институции, невладините организации, уметниците, професионалците во релевантните области, академскиот кадар, образовните и научноистражувачките институции и организации и сл.). Ваквата партиципативност несомнено придонесува за надградување, синхронизирање и профилирање на приоритетите на земјите од Западен Балкан и зацврстување на меѓусебната партнерска соработка.

- **Соработка со Советот на Европа**

Претставници од Секторот за европски интеграции редовно учествуваат на состаноци на Управувачкиот комитет за култура, наследство и предел (CDCPP) на Советот на Европа и на други настани поврзани со програмата *Културни рути* на Советот на Европа, при што се разгледуваат и можностите за конкретна соработка во сферата на културата со цел развој на културниот туризам и општиот економски развој на државата.

Во рамките на соработката со Советот на Европа, претставник од Секторот за европски интеграции и државниот секретар од 25 до 27 септември 2024 година учествуваа на 13-тиот годишен советодавен Форум за културните рути на Советот на Европа во Вишеград, Унгарија.

Од 19 до 21 ноември, претставник од Секторот за европски интеграции учествуваше на онлајн состанокот на Управувачкиот комитет за култура, наследство и предел (CDCPP) на Советот на Европа.

Со цел зацврстување и продлабочување на соработката со Советот на Европа во рамките на Програмата за културните рути, Република Северна Македонија од 16.9.2022 година официјално

пристапи кон Проширениот парцијален договор за културните рути на Советот на Европа (ЕРА), со сите права и обврски што произлегуваат од него.

Од 1 декември 2023 година, ЈНУ Институт за старословенска култура од Прилеп и Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје официјално станаа полноправни членки на асоцијацијата на „Културната рута на Св. Кирил и Методиј“.

Во рамките на соработката со асоцијацијата на „Културната рута на Св. Кирил и Методиј“, Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на 8 и 9 октомври 2024 година реализираше меѓународна конференција на тема: *Европската рута на Свети Кирил и Методиј во културното наследство на Скопје и Скопско,* што како проект беше поддржан од Министерството за култура и туризам.

Како дел од мрежата на културните рути на Советот на Европа, а на покана од „Рута Римски императори, Дунавска винска рута“, двајца претставници од Секторот за европски интеграции од 13.11.2024 до 15.11.2024 година во Белград учествуваа на состанок со земјите учеснички во рутата. Состанокот, меѓу другото, беше и во насока на подготовките за претстојниот настан што Секторот за европски интеграции ќе го организира напролет 2025 година.

За време на дводневните состаноци беа одржани средби со партнерите од оваа рута, при што се разменија искуства околу важноста на рутите на Советот на Европа и нивното влијание врз развојот на креативниот туризам.

Министерството за култура и туризам редовно и навремено ги намирува обврските за уплата за влезниот билет за учество на македонските субјекти во културните рути. Така и оваа година, во текот на март, Секторот за европски интеграции ја има намирено обврската за уплата на влезниот билет за Програмата за културните рути во вкупен износ од 580.000,00 денари.

## 2. Инструмент за претпристапна помош и друга странска помош

Во текот на 2024 година продолжи националното кофинансирање на проектот „Конзервација и ревитализација на културно-туристичкиот комплекс Св. Ѓорѓи – Старо Нагоричане“, кој е еден од најзначајните проекти поддржани преку ИПА, а се имплементираше во рамките на првата компонента ТАИБ 2009 – Помош при транзиција и институционална надградба.

Министерството за култура и туризам и оваа година продолжи да го финансира овој проект, во согласност со Анексот на Основниот договор бр. 37-2234/1 од 23.02.2022 година, склучен меѓу Министерството за култура и НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, и доставениот ревидиран Динамичен и финансиски план бр. 08-32/2 од 31.01.2023 година, за временскиот период 2022 – 2024 година, во вкупен износ од 16.350.000,00 денари, распределен по годишни фази.

Во текот на 2024 година, за финансирање на предметниот проект, на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје му беа преведени средства во вкупен износ од 1.300.000,00 денари.

Со последната исплата кон НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, а во согласност со одредбите и важноста на Анекс-договорот бр. 37-2234/1 од 23.02.2022 година, Министерството за култура и туризам ги намири целосно обврските за национално кофинансирање на предметниот проект за временскиот период 2022 – 2024 година.

На барање од Европската комисија (Генерален директорат за проширување и соседска политика – DG NEAR), за поврат на средства како несоодветен трошок во врска со финансирањето на горенаведениот проект, Министерството за култура и туризам преку Националниот фонд – Министерство за финансии изврши поврат на средства кон ЕК во износ од 6.080,34 евра во денарска противвредност.

Во рамките на Годишниот конкурс на Министерството за култура и туризам за финансирање програми и проекти од национален интерес во културата за 2024 година беа одобрени финансиски средства во вкупен износ од 1.243.085,00 денари за поддржување вкупно 11 проекти од областа на европските интеграции, на 8 национални установи.

Склучени се 8 договори и 4 анекс-договори со националните установи за учество во финансирање на нивни програмски активности и проекти во областа на европските интеграции, а се исплатени средства во вкупен износ од 1.138.085,00 денари.

Во однос на програмите за прекугранична соработка на РС Македонија со соседните земји (Р Грција, Р Албанија, Р Косово и Р Србија), претставници од Секторот за европски интеграции, како членови и заменици-членови на Комисијата за следење на овие програми, активно учествувале на состаноците одржани во текот на 2024 година.

Претставник од Секторот за европски интеграции, во својство на заменик-член, учествуваше на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД-програмата 2021 – 2027, одржан на 3.12.2024 година во Скопје.

- **Соработка со Британскиот совет**

Министерството за култура и туризам, преку Секторот за европски интеграции, на 24.10.2024 година потпиша Меморандум за разбирање со Британскиот совет, кој го реафирмира 30-годишното партнерство и пријателство, а со тоа и можноста за поголема достапност на програмите на Британскиот совет во нашата земја и засилени кампањи за нивна афирмација.

Меморандумот претставува платформа за развој на културната и креативната економија и е важен чекор кон зацврстување на соработката преку размена на знаења и искуства, како и преку реализација на различни проекти што ќе го зголемат влијанието на креативната економија и ќе ја збогатат културната понуда во земјава.

Предвидено е да се спроведуваат проекти и активности во следниве области: градење капацитети за професионалци, филм, музика, визуелни уметности, театар, игри, технологија, културно наследство, дизајн, архитектура, мода и издаваштво.

Во насока на понатамошна соработка, Британскиот совет од 3 до 6 октомври 2024 година организираше посета на градот Ливерпул, Обединето Кралство, на која покрај министерот за култура и туризам, имаше и претставник од Секторот за европски интеграции. Целта на посетата беше да се стекнат искуства за развојот и придобивките на градот Ливерпул, кој беше европска престолнина на културата во 2008 година. При посетата беа одржани средби со градоначалникот на Ливерпул и со истакнати претставници од британски културни институции. Сите средби беа во насока на прибирање искуства за развојот на креативната економија, како и за учеството на Министерството за култура и туризам во организацијата на „Скопје – европска престолнина на културата 2028 година“.

Исто така, на покана од Британскиот совет, претставник од Секторот за европски интеграции учествуваше на Конференцијата за креативни градови – „Beyond Conference“, која се одржа од 25 до 27 ноември 2024 година во Манчестер, Обединето Кралство. Сите теми презентирани на Конференцијата понудија вредни сознанија за „да се погледне подалеку“, во

обликувањето на градовите преку исклучително креативни решенија. Различните перспективи што ги споделија експертите во креативните индустрии и креативната економија беа непроценливи за тоа како може да се развиваат и унапредуваат културните политики и во Македонија. Нивните сознанија дадоа подлабоко разбирање на динамичната интеракција помеѓу културното изразување и економскиот раст.

- **Усогласување и усвојување на правото на ЕУ**

Во текот на 2024 година, на квартално ниво се реализираа активности во насока на планирање, подготовка, следење и известување за имплементација на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), Поглавје 26, и ажурирање на матрицата. До Министерството за образование и наука, со кое заедно го претставуваме Поглавјето 3.26, беа доставувани квартални извештаи за реализирани активности (тековна состојба, краткорочни и среднорочни приоритети) кои се однесуваа на:

1. Креативна Европа (Култура и МЕДИА)
2. УНЕСКО
3. Меѓународна конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изразувања и Охридскиот Регион
4. Законодавство
5. Креативни индустрии.

Дополнително, на барање од Секретаријатот за европски прашања, Министерството за култура и туризам доставува ажуриран придонес кон извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија. Последниот извештај беше доставен за периодот март 2024 – август 2024 година. Ажурираниот придонес се однесува на следниве области од културата:

1. Имплементација на стратегијата на Министерството за култура и туризам
2. Меѓународна конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изрази
3. Креативна Европа (Култура и МЕДИА)

Исто така, во изминатиот период, до Секретаријатот за европски прашања беше доставен писмен материјал за подготовка на Министерството за култура и туризам за учество на дваесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика на 23.1.2025 година. Истиот материјал, на англиски јазик, беше доставен до Секретаријатот за европски прашања во декември 2024 година. Материјалот за Поткомитетот опфаќаше информации за:

1. Креативна Европа и МЕДИА
2. Легислатива
3. Заштита на културно наследство, старите чаршии.

## 7. ***ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ***

Секторот за инвестициони работи, како организациска единица во Министерството за култура и туризам, во согласност со подзаконските акти за внатрешна организација и за систематизација на работните места на Министерството, е надлежен сектор за следење на реализацијата на инвестиционите објекти од областа на културата и за следење на состојбата на објектите и опремата во културата со инвестиционо и техничко одржување на објектите и на опремата во државна сопственост од областа на културата со нивно осигурување.

Како главни работни задачи на Секторот за инвестициони работи и на одделенијата во негов состав, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за култура, предвидени се:

- извршување студиско-аналитички работи за инвестиционите објекти на Министерството за култура и за инвестициите и осигурувањето на објектите во државна сопственост што ги користат установите од областа на културата;
- следење и реализација на инвестиционите објекти и следење на состојбата на објектите и опремата во државна сопственост што ги користат установите од областа на културата, од аспект на потреба за тековно инвестирање и одржување;
- осигурување на објектите во државна сопственост што ги користат установите од областа на културата;
- изготвување анализи, осврти и програми за утврдување на буџетската политика за инвестиции и друго.

Секторот за инвестициони работи е составен од две одделенија, и тоа: Одделение за инвестиции и осигурување и Одделение за следење и реализација на инвестициони објекти.

## II. ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2024 ГОДИНА

Врз основа на член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18),

министерот за култура и туризам, на предлог од комисиите, одлучува за проектите што се поддржани во годишните програми на националните установи.

Во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2024 година, Министерството поддржа вкупно 49 проекти кои беа содржани во годишните програми за работа на националните установи од областа на културата за 2024 година. Од поддржаните проекти, 39 беа реализирани, и тоа:

| Ред. бр. | Назив на националната установа | Наслов на проектот | Средства за реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | НУ Филхармонија на РС Македонија – Скопје | Набавка на светилки за општо осветлување во објектот | 74.340,00 |
| 2 | НУ Албански театар за деца и млади – Скопје | Опремување на НУ Албански театар за деца и млади | 79.900,00 |
| 3 | НУ Национална опера и балет – Скопје | Годишен периодичен преглед на сценскиот простор | 170.000,00 |
| 4 | НУ Македонски народен театар | Редовен технички преглед на платформите, лифтовите и дигалките со издавање сертификат | 90.000,00 |
| 5 | НУ Македонски народен театар | Поправка и тековно одржување на сценските технологии – горен и долен погон | 198.240,00 |
| 6 | НУ Македонски народен театар | Одржување, сервисирање и резервни делови за клима-ормани | 49.560,00 |
| 7 | НУ Ансамбл за албански народни ора и | Плакар за пејачи, плакар за игроорци и огледало за | 197.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | песни во РС Македонија – Скопје | игроорци | |
| 8 | НУ Ансамбл за албански народни ора и песни во РС Македонија – Скопје | Дополнителна опрема и озвучување | 278.000,00 |
| 9 | НУ Природонаучен музеј на РСМ – Скопје | Набавка на преносливи и на персонални компјутери, како и на компјутерска опрема (монитори, тастатури, глувчиња, печатачи) | 89.523,00 |
| 10 | НУ Археолошки музеј на РСМ – Скопје | Замена на неисправни делови и сервис на системот за автоматско откривање, јавување и гаснење пожар | 316.256,00 |
| 11 | НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје | Одржување на системот за ладење/греење (чилер), на котелот и на клима-комората | 259.234,00 |
| 12 | НУ Албански театар – Скопје | Тековно одржување | 199.440,00 |
| 13 | НУ Центар за култура „Иљо А.Смок“ – Тетово | Снабдување со клима-уреди | 399.666,00 |
| 14 | НУ Центар за култура „Иљо А. Смок“ – Тетово | Набавка на ПП-апарати | 55.000,00 |
| 15 | НУ Библиотека „Кочо Рацин“ од | Набавка на информатичка | 59.950,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Тетово | опрема | |
| 16 | НУ Центар за култура – Битола | Опремување на институцијата со нови компјутери и монитори | 50.000,00 |
| 17 | НУ Народен театар – Битола | Техничко опремување, набавка на опрема: компјутери, монитори и лаптопи | 77.007,00 |
| 18 | НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола | Набавка на инвертер клима-уреди | 120.000,00 |
| 19 | НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола | Набавка на опрема за нов проект за потребите на заедницата „Дневна соба на градот“ | 150.000,00 |
| 20 | НУ Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар | Набавка на персонални компјутери | 60.000,00 |
| 21 | НУ Конзерваторски центар – Гостивар | Набавка на компјутери и инвертер клима-уреди | 69.860,00 |
| 22 | НУ Гостиварски театар – Гостивар | Апаратура за установата | 68.197,00 |
| 23 | НУ ЦК „Марко Цепенков“ од Прилеп | Поставување клими | 93.616,00 |
| 24 | НУ Центар за култура „Григор | Набавка на персонални компјутери | 69.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Прличев“ – Охрид | | |
| 25 | НУ Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид | Набавка на столови | 57.960,00 |
| 26 | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид | Опремување на ИНДОК-центарот на НУ Завод и музеј – Охрид | 100.000,00 |
| 27 | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид | Набавка, поправање и монтажа на системот за ладење и за греење во музејската зграда „Куќа на Робевци“ во Охрид | 3.080.362,00 |
| 28 | НУ Историски музеј – Крушево | Поправка и тековно одржување на надворешна столарија во Музејот на Илинденското востание и Крушевската Република (изведување занаетчиско-мајсторски интервенции за одржување) | 209.426,00 |
| 29 | НУ Историски музеј – Крушево | Поставување парно греење во Музејот на Илинденското востание и Крушевската Република | 148.603,00 |
| 30 | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица | Набавка на камери и видеонадзор за објектот | 59.636,00 |
| 31 | НУ Центар за култура „Ацо Ѓорчев“ – | Тековно одржување на ПП-опремата | 16.001,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Неготино | | |
| 32 | НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ – Струга | Набавка на компјутерска опрема | 74.550,00 |
| 33 | НУ Центар за култура „Бели мугри“ – Кочани | Набавка на преносливи компјутери за НУ ЦК „Бели мугри“ – Кочани | 80.000,00 |
| 34 | НУ Центар за култура „Бели мугри“ – Кочани | Набавка на метални ормани за потребите на архивското работење | 15,000,00 |
| 35 | НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип | Набавка на клима-уреди | 141.619,00 |
| 36 | НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип | Дигитализација на фондовите | 57.500,00 |
| 37 | НУ Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров“ – Делчево | Набавка на печатач | 24.196,00 |
| 38 | НУ Центар за култура „Кочо Рацин“ – Кичево | Набавка на инвертер-клими за загревање на дел од просториите и канцелариите во Центарот | 985.676,00 |
| 39 | НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово | Набавка на елементи за светло | 88.400,00 |
| **Вкупно** | | | 8.412.718,00 |

Проекти што беа поддржани, а не беа реализирани се следниве:

| Ред. бр. | Назив на националната установа | Наслов на проектот | Средства за реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Македонски народен театар – Скопје | Редовен сервис и тековно одржување на системите за осветление | 250.000,00 |
| 2 | НУ Национална галерија на РС Македонија – Скопје | Набавка на подна облога – ламинат за канцелариите во Даут-пашиниот амам | 63.000,00 |
| 3 | НУ Национална галерија на РС Македонија – Скопје | Набавка на опрема: противпожарни апарати | 71.000,00 |
| 4 | НУ Конзерваторски центар – Скопје | Набавка на компјутерска опрема | 80.000,00 |
| 5 | НУ Центар за култура „Иљо А. Смок" – Тетово | Поправање на театарските чиги во големата сала на Центарот за култура „Иљо А. Смок" | 550.000,00 |
| 6 | НУ Музички ансамбл во РС Македонија – Тетово | Набавка на компјутерска опрема, и тоа 4 компјутери и монитор и друга опрема и печатач | 140.000,00 |
| 7 | НУ Центар за култура – Битола | Набавка на киноплатно за малата сала | 130.000,00 |
| 8 | НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински" – Струга | Замена на надворешната столарија – прозорци и врати – на управната зграда на НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински" – Струга | 200.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | НУ Музеј – Куманово | Реновирање на работните простории во Музејот | 500.000,00 |
| 10 | НУ Музеј – Гевгелија | Реконструкција, санација или адаптација на дел од покривот | 113.775,00 |
| **Вкупно** | | | 2.097.775,00 |

Министерството склучи договори за финансирање проекти содржани во годишните програми за работа на националните установи од областа на културата за 2024 година во делот на инвестициско одржување, адаптација и набавка на опрема за установите во вредност од 11.113.775,00 денари (вкупно 59 проекти по предлог на Комисија, за кои Министерството склучи договор). Од вкупно одобрените проекти во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2024 година, реализирани се 49 проекти и според тоа, фактичката реализација по број на проекти изнесува 83 %.

Финансиската реализација на проектите за 2024 година, заклучно со 23.12.2024 година, изнесува 8.412.718,00 денари од вкупно договорените 11.113.775,00 денари, односно 76 % реализација.

**2. Осигурување на објекти за култура во државна сопственост**

Во текот на 2024 година Министерството за култура и туризам изврши осигурување на објекти и на опрема од културата во државна сопственост, за што беше доделен договор со Македонија осигурување АД – Скопје бр. 47-8235/11 од 15.11.2024 година во вредност од 6.237.362,00 денари, при што вкупната сума на осигурување е 13.938.831.184,00 денари.

**3. Опис на други работи во Одделението**

Во Одделението за инвестиции и осигурување покрај инвестициско-техничките вложувања во културата се врши и логистичка помош за регулирање на обврските за централно греење за националните установи од областа на културата кои користат услуги за централно греење на територија на Град Скопје.

Во рамките на работата на Одделението за инвестиции и осигурување континуирано во текот на годината се следеше реализацијата на инвестиционите проекти, што подразбира

организација, координација, кореспонденција помеѓу сите субјекти вклучени во процесите. Одржувани се работни состаноци, посети и увиди во состојбата на објектите и сл.

## III. ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ ВО 2024 ГОДИНА

### 1. Следење и реализација на Годишната програма за инвестиции во културата за 2024 година

Министерството за култура донесе Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година бр. 50-372/1 од 11.01.2024 година, (во понатамошниот текст: Годишна програма за инвестиции во културата).

Министерството за култура и туризам донесе и Програма за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година бр. 50-372/6 од 20.12.2024 година. Владата донесе Одлука бр. 41-659/3 од 16.1.2024 година, за давање согласност на Програма бр. 50-372/6 од 20.12.2024 година за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година.

Според оваа програма, беа планирани да се реализираат следниве активности:

| Ред. бр. | Опис на активноста | Носител на активноста | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција со надградба и доградба на објектот „Универзална сала“ во Скопје | Министерство за култура и туризам | 27.197.824,00 денари |
| 2. | Изградба на објект наменет за НУ Турски театар во Скопје (фаза: термотехнички и хидротехнички инсталации и дел градежни и градежно-занаетчиски работи) | НУ Турски театар – Скопје | 90.888.664,00 денари |
| 3. | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ Центар за култура „Иљо | 237.890.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Антески-Смок“ – Тетово | |
| 4. | Изведба на работи за реконструкција на објектот на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово (зграда за театар) | НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово | 10.000.000,00 денари |
| 5. | Изведба на работи за реконструкција на објектот на НУ Музеј на Република Северна Македонија (фаза: реконструкција на кровна површина) | Министерство за култура и туризам | 32.000.000,00 денари |
| 6. | Обезбедување проектна документација за реконструкција на објектот НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | 3.050.000,00 денари |
| 7. | Изведба на работи за реконструкција – санација и адаптација на објектот на поранешното кино „Партизан“ во Битола при НУ „Народен театар“ – Битола | Министерство за култура и туризам | 14.950.000,00 денари |
| 8. | Реновирање и уредување на просторот и санација на инсталациите на подрумските простории во зградата на НУ Национална опера и балет во Скопје | Министерство за култура и туризам | 7.000.000,00 денари |
| 9. | Изведба на проектна документација за потпорен ѕид над објектот на театарот во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица | 306.000,00 денари |

| Вкупно | 423.282.488,00 денари |
|---|---|

Планираните финансиски средства за реализација на оваа програма во износ од 423.282.488,00 денари, беа обезбедени од Буџетот на Министерството за култура раздел 18010 – Финансирање на дејности од областа на културата, потпрограми 40, 41, 49, 50, 84 и 85 од ставките 482 – други градежни работи.

Поединечната реализација на проектите од Годишната програма за инвестиции во културата за 2024 година, по активности, е прикажана во следната табела:

| Ред. бр. | Опис на активноста | Носител на активноста | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција со надградба и доградба на објектот „Универзална сала“ во Скопје | Министерство за култура и туризам | 27.197.824,00 денари |
| 2. | Изградба на објект наменет за НУ Турски театар во Скопје (фаза: термотехнички и хидротехнички инсталации и дел градежни и градежно-занаетчиски работи) | НУ Турски театар – Скопје | 89.677.410,00 денари |
| 3. | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ ЦК „Ињо Антески-Смок“ – Тетово | 227.504.549,00 денари |
| 4. | Изведба на работи за реконструкција на објектот на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово (зграда за театар) | НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово | 7.103.035,00 денари |
| 5. | Обезбедување проектна документација за реконструкција на објектот НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | 3.025.520,00 денари |
| 6. | Реновирање и уредување на | Министерство | 2.916.613,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | просторот и санација на инсталациите на подрумските простории во зградата на НУ Национална опера и балет во Скопје | за култура и туризам | |
| 7. | Изградба на проектна документација за потпорен ѕид над објектот на театарот во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица | 200.600,00 денари |
| **Вкупно** | | | **357.625.551,00 денари** |

Од првично предвидените финансиски средства за реализација на оваа програма во износ од 423.282.488,00 денари, реализирани се вкупно 357.625.551,00 денари, односно финансиската реализација на оваа програма беше 84,49 %.

**Реализација на капитални дотации во областа на културата на единиците на локалната самоуправа за 2024 година**

Во 2024 година Министерството за култура и туризам, за реализација на капитални дотации во областа на културата, со единиците на локална има склучено договори за реализација на средства во износ од 50.000.000,00 денари, и тоа за следниве проекти:

| Ред. број | Корисник | Наслов на проектот | Вредност на договорот |
|---|---|---|---|
| 1 | Општина Дојран | Реконструкција со адаптација на Домот на културата | 4.500.000,00 |
| 2 | Општина Кривогаштани | Изградба на ограден ѕид и партерно уредување | 3.030.094,00 |
| 3 | Општина Чашка | Изградба на Дом на културата | 9.450.125,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Општина Демир Капија | Реконструкција на Музејот на Демир Капија (фаза архитектура и машинство) | 2.932.700,00 |
| 5 | Општина Маврово и Ростуше | Реконструкција на мултифункционалниот центар „Дичо Зографски", с. Тресонче | 2.955.700,00 |
| 6 | Општина Богданци | Изработка на основен проект и техничка документација за летна сцена – урбана опрема | 320.000,00 |
| 7 | Општина Делчево | Реконструкција на Спомен-домот АСНОМ – надворешна столарија и фасада | 2.450.000,00 |
| 8 | Општина Велес | Поставување на фотонапонски панели на покривот на Библиотеката „Гоце Делчев" | 2.000.000,00 |
| 9 | Општина Битола | Изградба на објектот на поранешниот ресторан „Парк" во Битола | 9.125.200,00 |
| 10 | Општина Крушево | Опрема за осветлување на сцена | 1.899.900,00 |
| 11 | Општина Чучер Сандево | ЈУО „Партизански дом" – Сандево | 11.336.281,00 |
| **Вкупно** | | | **50.000.000,00** |

Овие договори се склучени во согласност со Програмата за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2024 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија со Одлука бр. 41-1632/3 од 30.1.2024 година. Средствата за реализација на овие договори беа предвидени со Буџетот на Министерството за култура и туризам за 2024 година од Програма 84 – Одржување на објектите од областа на културата ставка 488 – капитални дотации до ЕЛС во износ од 50.000.000,00 денари.

**Реализацијата на овие договори за користење средства за капитални дотации во областа на културата за 2024 година беше следна:**

| Ред. број | Корисник | Наслов на проектот | Вредност на договорот |
|---|---|---|---|
| 1 | Општина Дојран | Реконструкција со адаптација на Домот на културата | 4.500.000,00 |
| 2 | Општина Кривогаштани | Изградба на ограден ѕид и партерно уредување | 3.030.094.00 |
| 4 | Општина Демир Капија | Реконструкција на Музејот на Демир Капија (фаза архитектура и машинство) | 2.932.700,00 |
| 6 | Општина Богданци | Изработка на основен проект и техничка документација за летна сцена – урбана опрема | 274,320,00 |
| 7 | Општина Делчево | Реконструкција на Спомен-домот АСНОМ – надворешна столарија и фасада | 2.450.000,00 |
| 8 | Општина Велес | Поставување на фотонапонски панели на покривот на Библиотеката „Гоце Делчев“ | 1.357.000,00 |
| 10 | Општина Крушево | Опрема за осветлување на сцена | 1.899.900,00 |
| 11 | Општина Чучер Сандево | ЈУО „Партизански дом“ – Сандево | 6,424,778.00 |
| **Вкупно** | | | **22,868,792.00** |

Според наведеното во табелите, од доделените договори во вкупен износ од 50.000.000,00 денари, реализирани беа вкупно 22.868.792,00 денари, односно финансиската реализација на оваа програма беше во износ од 45,74 %.

## 2. Опис на другите работи на Секторот во 2024 година

- Изготвување информации, известувања, укажувања за состојбата со реализацијата на капиталните проекти во областа на културата.

- Учество на вработените лица во Секторот во постапки пред надлежни органи во спорови на Министерството во врска со реализација на договори за изведување работи на капитални инвестициони објекти.
- Учество на вработените лица во Секторот во работа на работни тела, комисии, меѓуресорски состаноци и сл.
- Други работи поврзани со реализацијата на капиталните инвестициони објекти во областа на културата.

## 8. *НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ, АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА*

Извештај за работата на Секторот за нормативно-управни работи и авторското право и сродните права за 2024 година

**I. Од страна на Собранието на Република Северна Македонија се донесени:**

1. Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 21/24);

2. Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик;

3. Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра.

1.1. Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 јануари 2024 година го донесе Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 21/24).

1.2. Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 јануари 2025 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик. Со Законот е утврдено терминолошко усогласување во називот на Министерството за култура и туризам и на Министерството за дигитална трансформација во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 121/24). Со Законот е утврдено усогласување и со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Со Законот е утврден орган кој е надлежен за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка.

1.3. Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 декември 2024 година ги донесе:

– Законот за изменување и дополнување на Законот за културата;

– Законот за изменување на Законот за музеите;

– Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство;

– Законот за изменување на Законот за филмската дејност;

– Законот за изменување на Законот за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење;

– Законот за изменување на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење;

– Законот за изменување на Законот за прогласување на споменичната целина Крушево за културно наследство од особено значење;

– Законот за изменување на Законот за прогласување на старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење;

– Законот за изменување на Законот за издавачката дејност;

– Законот за изменување на Законот за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење.

Со горенаведените закони се изврши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 121/24), според кој Министерството за култура, продолжува да работи како Министерство за култура и туризам, со надлежности утврдени со овој закон.

***<u>Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство</u>***

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство се врши усогласување и со Законот на прекршоците, од аспект на утврдување на висината на глобите што се изрекуваат на физички лица, правни лица и одговорни лица во правните лица за прекршоците утврдени со овој закон. Со Законот се врши усогласување и со Законот за инспекциски надзор.

***<u>Закон за изменување и дополнување на Законот за културата</u>***

Со Законот е утврдено дека работен однос за даватели на јавни услуги во културата се заснова на неопределено време, освен во случаи утврдени со закон, со што ќе се овозможи

рамноправен третман на сите даватели на услуги вработени во установите од областа на културата.

За спроведување на измените на Законот не е потребно обезбедување на нови финансиски средства, ниту предложените измени од Законот повлекуваат материјални обврски за одделни субјекти, надвор од средствата утврдени за оваа намена во Буџетот на Република Северна Македонија.

Со измената на Законот за културата, на вкупно 173 даватели на јавни услуги во културата им се трансформираше работниот однос од определено на неопределено работно време.

## II. <u>Министерот за култура и туризам ги донесе следниве општи акти:</u>

1. Правилник за образецот на барањето за полагање на испитот за добивање лекторска лиценца („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 61/24);
2. Правилник за начинот на полагањето на испитот за добивање лекторска лиценца, програмата за испитот за добивање лекторска лиценца и бодувањето („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 61/24);
3. Правилник за формата и содржината на лекторската лиценца („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 61/24);
4. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадените и одземените лекторски лиценци, како и на лекторските лиценци кои престанале да важат („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 61/24).

## III. <u>Предлози на закони во владина постапка</u>

### 1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права

Во владина постапка на донесување е Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права. Со предложените измени и дополнувања на Законот за авторското право и сродните права се врши усогласување со Директивата 2014/26/ЕС за колективно управување со авторското право и сродните права и мултитериторијално лиценцирање на музички дела за користење преку интернет, се утврдуваат дефиниции за

колективното управување, а особено за организациите за колективно управување на правата – како субјекти основани или под контрола на носителите на правата и со непрофитна цел. Со Законот се пропишуваат и се дефинира значењето на сите поими кои се релевантни за остварувањето на правата. Со предложениот закон се врши усогласување и со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 121/24), според кој Министерството за култура продолжува да работи како Министерство за култура и туризам, со надлежности утврдени со овој закон.

## IV. Во подготовка се следниве закони:

### 1. Предлог на закон за културата

Министерот за култура и туризам со Решение бр. 53-11440/1 од 18.12.2024 година (дополна на Решение бр. 53-11440/2 од 31.12.2024 година) формираше Работна група за изработка на нов Закон за културата.

### 2. Предлог на закон за заштита на културното наследство

Министерот за култура и туризам со Решение бр. 53-11440/1 од 18.12.2024 година (дополна на Решение бр. 53-11955/1 од 31.12.2024 година) формираше Работна група за изработка на нов Закон за заштита на културното наследство со кој ќе се уредат видовите и категориите на културното наследство, начините на воспоставување заштита, режимот и мерките на заштита, правата и обврските на имателите на културното наследство, ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство во јавен интерес, организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и други прашања од значење за заштита и зачувување на културното наследство.

## V. Правилници и подготовка

Во фаза на подготовка се правилниците за изменување и дополнување на правилниците што треба да усогласат со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 121/24), како и правилниците со кои се пропишуваат потребниот број бодови за стекнување изборно стручно звање во заштитата на културното наследство.

## *VI.* Извештај од Работната група за утврдување на состојбите и на можностите за унапредување на работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија

Работна група формирана со решение од министерот за култура и туризам изготви Извештај за утврдување на состојбите и на можностите за унапредување на работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија бр. 53-4764/2 од 4.6.2024 година, со кој се идентификувани сите критични недостатоци во примената на предметната законска регулатива, утврдени се слабостите во работата на Агенцијата за филм, дефинирани се и активности што треба да ги преземе Агенцијата за филм за надминување на актуелните состојби, со што ќе се осигури доследна примена на Законот за филмската дејност и на другата позитивна законска регулатива, но и примена на принципот на владеење на правото, потиснување на непотизмот, клиентелизмот и сузбивање на корупцијата. Извештајот содржи констатации и препораки за надминување на актуелните состојби во Агенцијата за филм.

## VII. Во рамките на Секторот се подготвуваат и следниве поединечни акти на барање на правни и физички лица*:*

### 1. Национални пензии

На вкупно 69 уметници и стручни работници од областа на заштитата на културното наследство им се исплаќа месечен надоместок како национална пензија.

### 2. Национални уметници

Носители на титулата *национален уметник*, на кои им се исплаќа месечен паричен надоместок во износ од две просечни месечни плати исплатени во Република Северна Македонија во претходната година, за тековната година, од денот на добивањето на титулата па сè до крајот на животот се:

1. Симон Трпчевски
2. Борис Трајанов
3. Милчо Манчевски
4. Никола Џиров

5. Ана Дурловски

За овие национални уметници на месечно ниво се издвојуваат вкупно 551.750,00 денари (овој износ е променлив во зависност од просечната месечна плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година, за тековната година).

***ВКУПНИОТ ИЗНОС** исплатен за националните уметници и националните пензионери за 2024 година изнесува 28.436.733,00 денари.*

### 3. Мислења за ослободување од данок на додадена вредност без право на одбивање на претходниот данок

Во 2024 година се издадени вкупно 36 мислења за ослободување од ДДВ (од кои 6 негативни).

### 4. Согласности – гаранции за обезбедени средства за добивање АТА-карнет за привремен извоз и увоз

Во 2024 година се издадени вкупно 33 согласности – гаранции за добивање АТА-карнет (од кои едно известување до локална установа од областа на културата дека Министерството за култура и туризам не е надлежно).

### 5. Согласности за регулирање престој на странец

Во 2024 година се издадени вкупно 22 мислења за регулирање престој на странец (од кои 6 негативни).

### 6. Потврди за ослободување од царински давачки

Во 2024 година е издадена 1 (една) потврда во согласност со член 196 точка 2 од Царинскиот закон.

### 7. Еуримаж

Договор за финансирање на проектот „Поддршка на програмата за телевизиски серии“.

Во рамките на *Еуримаж* е отворена и нова потпрограма за финансирање на висококвалитетни телевизиски серии. Во првите три години програмата ќе се финансира со доброволно учество и во согласност со параметрите што се употребуваат и за определување на годишната членарина во *Еуримаж*, а најнискиот износ на доброволно учество за Република

Северна Македонија во оваа програма ќе изнесува 150.000 евра. Тригодишната пилот-програма предвидува вкупен буџет од околу 21 милион евра, а за оваа година на доброволна основа се собрани околу 6 милиони евра.

Дванаесет земји членки на Советот на Европа (Белгија, Хрватска, Естонија, Грција, Унгарија, Италија, Луксембург, Холандија, Португалија, Србија, Словенија и Шпанија) се дел од оваа потпрограма. Министерството за култура и туризам и Советот на Европа на 17.12.2024 година го склучија Договорот за финансирање на проектот „Поддршка на програмата за телевизиски серии“.

## 9. *УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР*

Во рамките на надлежностите утврдени со Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 267/24) и со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019), од страна на инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам (вкупно 5 инспектори, со овластувања за целата територија на РСМ) во текот на 2024 година беа извршени **вкупно 113 инспекциски надзори** (од планираните вкупно 106), од кои: 8 редовни, 73 вонредни и 32 контролни инспекциски надзори, од аспект на примена на вкупно 5 (пет) закони од областа на културата, и тоа:

– **95** инспекциски надзори (од кои еден редовен, 68 вонредни и 26 контролни инспекциски надзори, извршени во согласност со одредбите од **Законот за културата,** од аспект на работењето и наменското користење на средствата обезбедени преку Министерството за култура и туризам од Буџетот на РСМ, за програми/проекти од национален интерес во културата, кај национални и општинско-градски установи од областа на културата, единици на локалната самоуправа, здруженија на граѓани и кај други правни лица, регистрирани за вршење соодветна дејност од областа на културата, како и кај физички лица, корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МКТ, а чие работење подлежи на надзор во согласност со истиот Закон;

– **8** (осум) инспекциски надзори, од кои 3 (три) редовни и 5 (пет) контролни инспекциски надзори, извршени кај национални установи од областа на културата во согласност со **Законот за музеите и подзаконските прописи**;

– **3** (три) инспекциски надзори, од кои 2 (два) вонредни и еден контролен инспекциски надзор, извршени во согласност со **Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата**;

– **5** (пет) инспекциски надзори, од кои 4 (четири) редовни и еден вонреден инспекциски надзор, извршени во согласност со **Законот за издавачката дејност и подзаконските прописи** и

– 2 (два) вонредни инспекциски надзори, извршени во согласност со **Законот за употребата на македонскиот јазик**.

Во извештајниот период се извршени вкупно 66 инспекциски надзори (редовни во согласност со Годишниот план за работа за 2024 г., вонредни **по службена должност – иницијативи/писмени наредби од министерот за култура и туризам/налози од Инспекциски совет на РСМ, Скопје** и контролни надзори), кај следните **национални установи** од областа на културата – единки корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура и туризам:

– НУ Библиотека „Кочо Рацин" – Тетово,

– НУ Спомен-куќа на Тодор Проески – Крушево,

– НУ Центар за култура – Битола,

– НУ Македонски народен театар – Скопје,

– НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп,

– НУ Историски музеј – Крушево,

– НУ Центар за култура „Антон Панов" – Струмица,

– НУ Охридско лето – Охрид,

– НУ Тетовски театар – Тетово,

– НУ Уметничка галерија – Тетово,

– НУ Музеј на современата уметност – Скопје,

– НУ Национален конзерваторски центар – Скопје,

– НУ Национална опера и балет – Скопје,

– НУ Градски конзерваторски центар – Скопје,

– НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид,

– НУ Центар за култура „Ацо Шопов" – Штип,

– НУ Библиотека „Кочо Рацин“– Тетово,

– НУ Драмски театар – Скопје,

– НУ Театар за деца и младинци – Скопје,

– НУ Филхармонија на РСМ – Скопје,

– НУ Центар за култура – Тетово,

– НУ Природонаучен музеј на РСМ – Скопје,

– НУ НУБ „Свети Климент Охридски“ – Скопје,

– НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица,

– НУ Центар за култура АСНОМ – Гостивар,

– НУ Центар за култура „Григор Прличев“ – Охрид,

– НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско,

– НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола,

– НУ Центар за култура „Бели мугри“ – Кочани,

– НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола,

– НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип,

– НУ Конзерваторски центар – Гостивар,

– НУ Центар за култура „Ацо Ѓорчев“ – Неготино,

– НУ Музеј на албанската азбука – Битола,

– НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип,

– НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје,

– НУ Центар за култура – Дебар,

– НУ Музеј на тетовски крај – Тетово,

– НУ Музички ансамбл во РСМ – Тетово,

– НУ Народен театар – Битола и

– НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во РСМ – Скопје.

Со Годишниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на МКТ за 2024 г., меѓу другото, беа планирани и редовни инспекциски надзори по Законот за употребата на македонскиот јазик, коишто не беа извршени поради тоа што во меѓувреме е донесен нов Закон за употребата на македонскиот јазик, објавен во „Службен весник на РСМ" бр. 21/2024, со чиешто влегување во сила на ден 6.2.2024 г., престана да важи Законот од 1998 г., а со тоа и надлежноста на инспекторите за култура за вршење инспекциски надзор над примената на одредбите од стариот Закон. Во согласност со новиот Закон, предвидено е надлежноста да премине кај инспектори за македонски јазик при Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик, орган во состав на Министерството за култура и туризам.

Од аспект на примена на прописите од областа на културата, во текот на 2024 г. од страна на инспекторите за култура се издадени вкупно **41 решение** со опомена/наредба за отстранување на утврдените недостатоци и неправилности во определен рок врз основа на Законот за културата и Законот за инспекциски надзор, од кои: 36 по Законот за културата, 3 по Законот за музеите и 2 по Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата, како и **вкупно 32 прекршочни платни налози** (за правните лица – национални установи, здруженија на граѓани и физички лица, како и за одговорните лица), а се поднесени **вкупно 5 барања за поведување прекршочни постапки,** за сторени прекршоци по Законот за културата, до надлежните основни (кривични) судови и едно прекршочно барање до Комисијата за одлучување по прекршок, при Министерството за култура и туризам, како прекршочен орган. Во согласност со извршените вонредни инспекциски надзори во текот на 2024 г., од страна на субјектите кај кои беше извршен инспекциски надзор **се вратени средства во вкупен износ од 367.582,00 денари** во Буџетот на РСМ, а во согласност со издадените прекршочни платни налози на инспекторите за култура, во Буџетот на РСМ се прибрани средства врз основа на **платена глоба во вкупен износ од 435.591,00 денар**.

Во извештајниот период, инспекторите за култура поминаа онлајн обуки со користење на платформата за електронско учење од Годишната програма на Инспекцискиот совет за

генерички обуки за 2024 г., и тоа на следниве теми: „**Етика**“ (кодекс на инспектори/службеници, спречување на корупција, конфликт на интереси и доверливост и заштита на лични податоци), „**Комуникација**“ (водење состанок – активно слушање и водење белешки, вербална комуникација и невербална комуникација, писмена комуникација, прецизно и концизно известување, пишување извештаи, ненасилна комуникација, внатрешна комуникација, комуникација со донатори, вештини на преговарање и тимско работење) и „**Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор – Е-инспектор**“ (најава на е-инспектор, главно мени, почетна страница, ITHelpDesk, субјекти на надзор, инспекциска постапка, налози – пристап до компонента за креирање/модификација/преглед на налози, инспекциски предмети – пристап до главна компонента за креирање и менаџмент на инспекциски предмети, инспекциски записници, инспекциски решенија, листи за проверка, ризици, специфични елементи на ризици, критериуми на ризици, планови, годишни планови, месечни планови, распределба на тежина на надзор, пристап во зависност од работната позиција). За спроведените обуки, инспекторите се стекнаа со соодветни сертификати.

Во извештајниот период, вршени се инспекциски надзори кај субјектите од целата територија на РСМ, и тоа во Скопје (Центар, Аеродром, Чаир, Карпош, Кисела Вода и Ѓорче Петров), како и во: Битола, Гостивар, Тетово, Теарце, Прилеп, Неготино, Дебар, Штип, Крушево, Куманово, Кочани, Охрид, Струга, Струмица, Кичево, Галичник, Градско, Липково, Виница, Карбинци и Радовиш, при што најголем број инспекциски надзори се извршени во Скопје, Битола и во Тетово.

Во насока на зголемување на транспарентноста во работењето и во согласност со обврската од Законот за инспекциски надзор и во текот на 2024 г. (со одреден застој), на официјалната веб-страница на Министерството за култура и туризам се објавуваа инспекциски акти (записници и решенија) во „деперсонализирана форма“, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Во извештајниот период, за потребите на Одделението за логистичка поддршка на Министерството за култура и туризам, давани се одговори на новинарски прашања, како и за судските постапки, извршените инспекциски надзори и преземените управно-надзорни

мерки, за примена на материјалните закони и други стручни прашања. Воедно, освен преписка со Инспекцискиот совет, вршена е преписка и со основните јавни обвинителства, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Државната комисија за спречување на корупцијата и други органи на државната управа, како и со другите организациски единици во МКТ (за барање податоци, мислења и појаснувања упатени до инспекциската служба), мислења по законски и подзаконски прописи од областа на културата, изработка на прашања од областа на културата, произнесувања во врска со претставки и друго.

И во извештајниот период, раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор – главен инспектор за култура извршуваше работни задачи како одговорно службено лице во Министерството за култура и туризам за водење предмети и вршење работи за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ (спорови по различни основи – должничко-доверителски, работни односи, стечајни постапки и други, во коишто МКТ е тужител или тужена страна), додека еден од вишите инспектори за култура е овластено лице за заштитено внатрешно пријавување во Министерството за култура и туризам во согласност со Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15).

## *10. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И СЛЕДЕЊЕ*

Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење, во согласност со своите обврски и задачи, е насочено кон дефинирање механизми за следење на имплементацијата, спроведување мониторинг и евалуација на постигнувањата, изработка на мислења, информации, годишни и квартални извештаи за реализацијата и постигнувањата на стратешките планови.

Во текот на 2024 година, успешно се спроведени сите активности што се во надлежност на Одделението за стратешко планирање со перманентна комуникација со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, односно Секторот за стратегија, планирање и следење.

Изготвен е Стратешкиот план на Министерството за култура и туризам за периодот 2025 – 2027 година, кој претставува повеќенаменски документ и ги одразува целите и приоритетите, како и реформските процеси во областите за кои е надлежно Министерството за култура и туризам за период од три години, целосно усогласени со Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија.

Изготвени се и доставени акти и материјали (иницијативи) за подготвување на Предлог-програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година.

Доставено е мислење во врска со Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 – 2028 година.

Исто така, Одделението учествуваше во дефинирањето на стратегиските приоритети на Владата на Република Северна Македонија и го следеше спроведувањето на стратегиските приоритети.

Доставено е мислење во врска со Предлог-програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година.

Направени се квартални извештаи за проекти од Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 година.

Во соработка со секторите, изработена е база на податоци за установите од областа на културата, творци и уметници, како и настани и манифестации од областа на културата.

Во соработка со државните советници и секторите, направени се анализи за можностите, капацитетите и перспективите за развој на културните индустрии.

Во соработка со државните советници и секторите, направена е анализа и евалуација на годишните програми за финансирање на националниот интерес во културата. Меѓу другото, Одделението одржува информатичко поврзување со националните установи од областа на културата.

Во Одделението за стратешко планирање се извршени и други активности во текот на 2024 година, како што се:

– спроведување на програмата „Цртај на македонски“;

– блок-дотации по општини (наменски дотации и бруто-плати);

– учество во разни работни групи и комисии.

## *11. СЛЕДЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА*

Во согласност со поставеноста, Секторот за следење, развој и логистичка поддршка е составен од две одделенија – Одделение за логистичка поддршка и Одделение за државни награди.

### ➢ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

Одделението за логистичка поддршка, во рамките на своите секојдневни обврски, ги реализираше следниве активности:

- изработка на вести од областа на културата што се поставуваат на веб-страницата на Министерството за култура и туризам;
- изработка на најавни и одјавни текстови поврзани со работните активности на министерот за култура и туризам, кои се доставуваат на лектура и превод и потоа до медиумите;
- изработка на обраќања за министерот за култура и туризам и на државната секретарка;
- изработка на предлог-агенди, збирни информации и изјави за посетите на министерот за култура и туризам во градовите низ државава и во националните установи од областа на културата;
- прибирање информации од секторите и одговарање на новинарски прашања;
- прибирање податоци и одговарање на прашања за интервјуа;
- проследување на конкурсите што ги објавува Министерството за култура и туризам до весниците, со запазување на целокупната административна процедура;
- уредување информации што се однесуваат на дел од работните активности на заменик-министерот за култура кои се поставуваат на веб-страницата;
- редовно ажурирање на списокот на вработени во Министерството за култура и туризам;
- изработка на телеграми и нивно електронско доставување.

Одделението за логистичка поддршка секојдневно ја администрира службената е-пошта на Министерството за култура и туризам (info@kultura.gov.mk), одговара на прашања од странки и пристигнатите прашања ги препраќа до секторите во Министерството.

Вработените задолжени за веб-страницата на Министерството за култура и туризам секојдевно поставуваат вести на веб-страницата и фотографираат дел од настаните на кои е присутен министерот за култура и туризам.

## ➢ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРЖАВНИ НАГРАДИ

Одделението за државни награди, во согласност со Законот за државните награди и законите за изменување и дополнување на Законот за државните награди („Службен весник на РМ", бр. 52/06, 54/07, 74/12, 99/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 98/19) се грижеше за: успешна, навремена, квалитетна и точна реализација на државните награди кои се во надлежност на Министерството за култура и туризам, а тоа се:

- „Мајка Тереза";
- „11 Октомври";
- „23 Октомври";
- „22 Ноември";
- „Св. Климент Охридски";
- „Мито Хаџи Василев-Јасмин";
- „Мето Јовановски".

Во текот на 2024 година беа одржани вкупно 37 состаноци, и тоа: шесте одбори одржаа 19 состаноци, а стручните комисии и стручните тела одржаа 18 состаноци; беа пристигнати и обработени вкупно 99 иницијативи, а се доделени вкупно 17 награди. За одборите, комисиите и стручните тела, Одделението изготви материјали за работа, извештаи, одлуки, решенија, прегледи, анализи, преписки и дописи со секторот за правни работи, и ги менаџираше сите активности во врска со реализирањето и доделувањето на наградите во Собранието на РСМ.

Во согласност со динамиката на работата на Одделението за државни награди, беа изготвени потребните документи и материјали за секоја награда одделно, и тоа: записници; мислења; анализи; одлуки; решенија; писма; прегледи; покани; регистри на добитниците; текстови за изработка на дипломи и плакети; сценарија; консултации со секторите за: правни работи, финансиско работење и јавни набавки; списоци со трансакциски сметки за добитниците на наградите; решенија за добитниците на наградите; списоци за исплата на членовите на одборите, на стручните комисии и на стручните тела; контакти со добитниците на наградите и со членовите на одборите, на стручните комисии и на стручните тела; прегледи на финансиските потреби за државните награди.

За 2025 година, приоритет на Одделението за државните награди ќе биде успешно менаџирање на сите предвидени активности за навремено и квалитетно реализирање на државните награди.

## 1. ДРЖАВНА НАГРАДА „МАЈКА ТЕРЕЗА“

„Мајка Тереза“ не е доделена во 2024 година.

## 2. ДРЖАВНА НАГРАДА „11 ОКТОМВРИ“

Одборот одржа 3 седници, распиша Конкурс за доделување на државната награда „11 Октомври“ во 2024 година на кој пристигнаа и беа разгледани 24 иницијативи. Одборот формира 2 стручни комисии за разгледување на иницијативите и донесе одлука за 4 добитници на наградата за 2024 година. Добитници на државната награда „11 Октомври“ за 2024 година се: за животно дело во областа на културата и уметноста, наградата им се додели на: Љупчо Каров, мултимедијален уметник; Владимир Темков, академски сликар; Јовица Михајловски, драмски актер, продуцент, а во областа на науката наградата му се додели на проф. д-р Марко Китевски, истражувач на македонскиот фолклор.

## 3. ДРЖАВНА НАГРАДА „23 ОКТОМВРИ“

Одборот одржа 4 седници, распиша Конкурс за доделување на државната награда „23 Октомври“ во 2024 година на кој пристигнаа и беа разгледани 25 иницијативи. Одборот формира 2 стручни комисии за разгледување на иницијативите и донесе одлука за 1 добитник на наградата за 2024 година. Добитник на државната награда „23 Октомври“ за 2024 година во областа на културата и уметноста е Славе Димоски, поет.

## 4. ДРЖАВНА НАГРАДА „22 НОЕМВРИ“

Одборот одржа 3 седници, распиша Конкурс за доделување на државната награда „22 Ноември“ за 2024 година на кој пристигнаа и беа разгледани 4 иницијативи. Одборот донесе одлука за двајца добитници на наградата за 2024 година. Добитници на државната награда „22 Ноември“ за 2024 година се: проф. д-р Авзи Мустафа, педагог и проф. д-р Африм Османи, универзитетски професор.

## 5. ДРЖАВНА НАГРАДА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

Одборот одржа 3 седници, распиша конкурс, разгледа 32 иницијативи, формира 2 стручни комисии и донесе одлука за 4 добитници на наградата. Добитници на државната награда „Св. Климент Охридски" во 2024 година се: во областа на воспитанието и образованието – проф. д-р Маја Бојаџиевска, универзитетски професор; во областа на културата и уметноста – Милован Стефановски, писател; Мирослав Масин, сликар и Рефет Абази, актер.

## 6. ДРЖАВНА НАГРАДА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ-ЈАСМИН"

Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин" во 2024 година одржа 3 седници, распиша конкурс на кој беа пристигнати и разгледани вкупно 8 иницијативи и донесе одлука за 4 добитници кои ја делат наградата. Во областа на публицистиката, наградата ја делат Иван Антоновски и Делвина Крлуку, публицисти, а во областа на новинарството, наградата ја делат Атанас Костовски и Љупчо Јолевски, новинари.

## 7. ДРЖАВНА НАГРАДА „МЕТО ЈОВАНОВСКИ"

Одборот одржа 3 седници, распиша Конкурс за доделување на државната награда „Мето Јовановски" за 2024 година на кој пристигнаа и беа разгледани 6 иницијативи. Одборот донесе одлука за двајца добитници на наградата за 2024 година. Добитници на државната награда „Мето Јовановски" за 2024 година се: Здружение на граѓани „Центар за граѓански комуникации (ЦГК)" – Скопје и Лила Милиќ.